СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Педесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 септември 1996 година

Скопје, септември 1996 година

**52 ( ПЕДЕСЕТ И ВТОРА ) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 4 СЕПТЕМВРИ 1996 г**

Дискутанти :

1. АРСОВСКИ БРАНКО - 70
2. АБДИ ФАИК - 61, 86
3. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 69, 70
4. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ – 52, 53
5. ГАЈТАНОВСКИ ИЛО - 31 ( замен. мин за Внатреш. работи)
6. ГОШЕВ ТУШЕ - 59
7. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 8, 14
8. МИНОВ ПАНЧО - 3, 6, 7, 8
9. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1, 4, 9, 10 (води сед.)
10. ПАРАКЕОВ НИКОЛА - 36, 42, 44, 47.(мин за земј.)
11. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 13, 48, 63
12. ПОПОВСКИ ЉУПЧО - 16,17
13. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 19, 58
14. СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈА - 79
15. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 19
16. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН - 44
17. ТРПЕВСКИ ЉУБЕ - 3, 7
18. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 38.
19. ТАИРИ МЕВЉАН - 72, 83, 86
20. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 97
21. ХАСИПИ КЕНАН - 50
22. ФИЛИПЧЕ ИЛИЈА - 95
23. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 11, 13, 24, 27, 32, 54, 87
24. ШУНДОВСКИ ЈОРГО - 75, 77, 91

Дневен ред: стр.5,6.

Т.-1,стр.19 - Избор на потп.на Собр. на РМ - Мурати

Т.-2 - поместена

Т.3,стр.22 - З. за наследување

Т.4,стр.22-З.за рат.на В.ма РМ и САД за науч.тех.сораб.

Т.-5,стр.24 - З. за јавни патишта

Т.-6,стр.27 - З.за набав. и носење на оружје

Т.7,стр.36.- З. за залож. на В. на РМ кај Меѓун.здруж. инди.зем.

Т,8,стр.48- Пред.за Д.на З. за Терит.реорг. за ед,на Л.Сам.

Т.9,стр63.-З.за Кривична постапка

Т.10.стр,74 -З.за Комунални дејности

Т.11,стр.95.-З.за лековите

- Седницата продолжува -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Педесет и втората седница на Собранието на Република Македонија одржана на 4 септември 1996 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала за седници, со почеток во 13,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-дин Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам Педесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Никола Г. Поповски, Славе Наумовски, Илинка Митрева и Ристо Трајков, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваа мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Пред да поминеме на работа, дозволете ми во Ваше и во мое има да му го честитам роденденот на пратеникот Љупчо Мешков, иако не е тука и да му посакам добро здравје и многу среќа во животот:

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред да се дополни со избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на Комисијата Вие поделен.

Кој е за, молам да крене рака ?(64 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен. Комисијата за здравство предлага Предлогот на дневниот ред за оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Клинички центар Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е поделен,

Кој е за Предлогот на Комисијата, молам да крене рака (64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Комисијата за здравство предлага Предлогот на дневниот ред да се дополни со Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Штип.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Кој е за Предлогот на комшијата, молам да крене рака (54)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува (не)

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Пратениците Панче Минов,Звонко Каров, поднесоа барање Владата на РМ да подготви информација за откупот на винското грозје во реколтата 1996 година и таа да бидеа разгледана на денешната седница на Собранието.

I/3.-

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

Барањето да се подготви информација на денешната седница да е разгледува е нереално, со оглед на фактот дека тек почнува бербата на грозјето и откупот на грозјето. Кога ќе дојде време ќе излезиме со информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Сметам дека поставувањето на едно вакво барање за информација за откупот на винското грозје од реколата од 1996 година е сосема навремено поставено. Целта е да се актуализираа ова многу важно прашање за голем дел на производители, лозари кои се занимаваат со производство на грозје од земјоделските општини Кавадарци, Неготино, Валандово, Гевгелија и Велес. И, целта е во непосредна претстојниот на откупот на винското грозје, како што се вршеше актуализација на откупот на пченицата, откупот на тутунот, откупот на раноградинрските производи, ред е и на ова многу важно прашање за тие земјоделски општини и за производителите лозари се актуелизира на седница на Собранието, со една информација која што ако ние го поставиме на дневен ред до доаѓањето по редоследот на точките таа Информација реално да се изготви. Се работи за тоа колку количини на грозје се планира да се откупат, кој е степенот на организираноста на претпријатијата што вршат откуп и преработка на винското грозје, каква е финансиската состојба со безбедност на средства за задоволувачка, реално кажана и навремена исплата на откупените култури на грозје. Во смисла на обезбеденост од

комерцијалните банки и улогата и придонесот на Министерството за земјоделие и Владата потоа, како и некои мерки кои се актуелни во однос на либерализацијата на извозот на грозјето и на извозот на преработките од грозје (вино и ракија) во функција на зголемување на стимулативноста на извозот, пред се на наливното и флаширано вино, кое што има една тенденција на намалување на процентноста од 20% на извозната цена на 4%, што како мерка ако би се постигнало според можностите повисок степен на стимулација на извозот на финалните производи на грозјето. Тоа би им овозможило на откупувачките претпријатија да можат да постигнат и позадоволувачка цена за производителите лозари.

Уште еднаш потенцирам дека навременоста е токму актуелна и Владата односно Ресорното Министерство треба да прифати со поставување на дневен ред на крајот од редоследот од точките на оваа седница да изготви таква информација и со актуализацијата на проблемот за откупот на винското грозје и како Влада, и како Министерство и како Парламент придонесеме за нивно поорганизирано и поквалитетен откуп на винското грозје:

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот оваа Информација да биде разгледана на денешната седница, молам да крене рака? (2 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен:

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница да биде разгледан предлогот за донесуваше на закон за задолжување на РМ кај Меѓународното здружение за развој за реализација на проектот за поддршка на индивидуалните земјоделски производители, со Предлог на закон, кој по барање на Владата на РМ беше одложен од 51-та седница на Собранието на РМ.

Молам, кој е за Предлогот да крене рака? (60)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање ? (не)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Ве известувам дека Владата на РМ го повлече Нацртот на законот за шумите.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот **дневен ред.**

1. Избор на потпретседател на Собранието на РМ,
2. Предлог на закон за локалните избори,
3. Предлог на закон за наследување;
4. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за научна и технолошка соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Соединетите Американски Држави, со Предлог на закон.
5. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за јавните патишта, со Предлог на закон.
6. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за набавување, поседување и носење на оружје, со Предлог на закон.
7. Предлог за донесување на закон за задолжување на РМ кај Меѓународното здружение за развој за реализација на проектот за помош на индивидуалните земјоделци, со Предлог на закон,
8. Предлог за донесување на закон за спроведување на територијалната реорганизација на единиците на локалната самоуправа,
9. Предлог за донесување на закон за кривична постапка,
10. Предлог за донесување на закон за комунални дејности,
11. Предлог за донесување на закон за лековити средства и медицински помагала,

12. Предлог за донесување на закон за домување,

13. Барање за давање на автентично толкување на член 131-6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за банките и штедилниците ("Службен весник на Република Македонија 2 број 17/96), поднесено од Комерцијална банка АД - Скопје,

14. Барање за давање на автентично толкување на членовите 38-ѓ, 38-ж и 39-а од Законот за социјална заштита ("Службен весник на СРМ" број 9/78, 43/78, 35/85 и 17/91 и
"Службен весник на Република Македонија" број 38/91 и 14/95) поднесено од "Компанија ЗИК" Д00 - Скопје,

15. Предлог на одлука давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Клинички центар - Скопје;

16. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Штип.

17. Информација за актуелните состојби и проблеми во сферата на културата во Република Македонија.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред?

Процедурално г-динот Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Бидејќи не е усвоено барањето за подготвување на информација за откупот на винското грозје за оваа седница, го сфаќам само од аспект на тоа дека е нереално да се изготви за оваа седница. Инаку е неразбирливо по значењето да биде разгледувано и третирано како прашање на ова Собрание, барем известување од претставникот на Владата дали за наредната седница ќе може да се подготви оваа информација.

I/7.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, ние за тоа гласав, ако сака претставникот на Владата може да се произнесе.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Претставникот на Владата се изјасни дека е нереално да се очекува за оваа седница и така мислам дека беше условено и гласањето да не се прифати за оваа седница. Барам едно известување, како што кажа и самиот, за наредната седница дали е во можност Владата да ја подготви за 11, за кога веќе е закажана седница на овој Парламент.

**ЉУБЕ ТРПЕСКИ:**

Очигледна е намерата од поодделни пратеници, пред се од опозицијата, да го претворат Парламентот да се занимава со дневно-политички проблеми и со актуелната економска политика што е задача на Владата,. Владата ја води економската политика и ако оцени дека има потреба да излезе пред Парламентот со Информација за состојбите во виноградинрството ќе излезе. Ако оцени дека одат како што треба работите, тогаш нема потреба да излегува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи Владата не подготвила информација за наредната седница,. Тоа е одговорот.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас навистина имајќи никаква намера за контрирање по однос на ова прашање, бидејќи ова не е прашање на опозицијата и дневно политичко, туку навистина е до такво значење што живот значи за голем број на граѓани, не ми е никаква цел политички маркетинг и сметам дека актуализацијата на ова прашање, откупот на винското грозје во 1996

година сигурно со проблеми, а во функција на квалитетно организиран и финансиран откуп 1996 година, како што беше за пченицата, тутунот, раноградинарството, ред е равноправно значење да му даде и овој Парламент, а претходно со изготвена информација од Владата и надлежното Министерство. Нема врска опозиција. Ова прашање политички ако се дели, тогаш сигурно се поставило раноградинарството од позицијата кога се гледало. Ние ќе го актуализираме на секоја наредна седница прашањето за откупот на винското грозје, а во таа смисла Владата нека оцени, нашиот предлог е за наредна седница да се подготви информација за откупот на винското грозје.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира легитимно право е на секој пратеник, група да поднесуваат барање до Владата за ...

**ПАНЧО МИНОВ:**

Во спротивно ние ќе поднесеме информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали уште некој пратеник сака да поднесе предлог за изменување и дополнување на дневниот ред.

Кој е за предложениот ред, молам да крене рака? (70)

Дали има некој против? 2) Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Г-динот Коцевски бара збор процедурално.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господо, Поради чудната и неразбирлива одлука на претседателот на Собранието на РМ, со која не дозволи на закажаната средба на пратеничката група со министерот за

правда и претставниците на Парламентарните партии и најголемите опозициони партии кои се вонпралементото, ВМРО ДПМНЕ И Демократската партија да им се дозволи влез на претставниците на овие вонпарпламентарни партии во Собраниската зграда не беше во можност да се одржи планираната срдба на која требаше да се усогласат амандманите, благодарение на добрата волја на министерот за правда, г-динот Поповски.

Бидејќи успеавме да најдеме компромис, таа средба да се одржи во текот на утрешниот ден, предлагам втората точка од дневниот ред, Предлогот на закон за локални избори да биде како втора точка на дневен ред, меѓутоа за нејзе да не се расправа додека не се одржи планираната средба во Министерството за правда на која треба да присуствуваат партиите кој денес беа поканети, затоа што целта е да се донесе закон за локални избори односно да се постигне компромис, да се донесе закон кој ќе одговара не само на партиите кои се во опозиција туку на сите политички партии во Македонија кои планираат да настапат на следните локални избори односно да се донесе закон со кој ке се овозможат демократски, чесните избори.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Одлуката на претседател на Собранието да не дозволи во зградата за време на седниците да не влегуваат непоканети лица, ниту е чудна, ниту неразбирлива, туку е многу нормална и многу јасна. Од следниве причини:

Прво пратеничката група на Либералната партија вчера доставила покана како што стои овде до сите пратенички групи во Собранието и до вонпарламентарните партии ВМРО ДПМНЕ и Демократска партија, на која ги поканува за денес во 10 часот, кога знаеме и дека се одржува седница на Собранието, која е закажана многу поодамна, закажуваат

средба во нивната пратеничка група, со пратеничките групи во Собранието и со овие две политички партии кои што немаат претставници во Собранието, без за тоа да се информира, консултира и претседателот на Собранието ниту пак секретарот на Собранието.

Второ, уште кога беше претседател г-динот Андов, на Собранието на РМ, и јас партиципирав во таа одлука како потпретседател на Собранието во 19 91 година издадена е наредба 63 претседателот на Собранието, бидејќи по Правилникот за внатрешен ред на работата не се дозволува за време на одржување на седниците пратениците да поканувaат и да закажуваат средби во самото Собрание. Но, да не ја парафразирам бидејќи е кратка и би ја прочитал на сите.

"Со Правилникот за внатрешен ред е утврден начинот на прием на странки од страна на пратениците и функционерите на Собранието: на Република Македонија .Со цел да се обезбеди несметано работење на

Собранието во деновите кога се одржуваат седниците потребно е пратениците и другите функционери во Собранието да не закажуваат прием на странки во тие денови.

Исто така, се укажува дека е забрането носење на оружје итн.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА**
**МАКЕДОНИЈА,**
**Стојан Андов**

Утрово, во Собранието побарале прием, односно да влезат Борис Трајковски, граѓанин од Скопје со покана да присуствува на оваа средба на Пратеничката група. Васе Ефтимов, од Пробиштип и Виолета Танасиевска од Скопје.

II/1.-РД/ОМ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Овие двајца последни не носеле со себе покана според информацијата од приемната служба од Собранието. Според тоа не станува збор за неразбирање, или чудна одлука на претседателот на Собранието. Станува збор од потреба за доследно почитуваше на правилата за работа на ова Собрание. А што се однесува до прашањето дали оваа точка ќе биде на дневен ред и која по ред ќе биде, за тоа одлучува Собранието.

Бидејќи дневниот ред го изгласавме, еве јас го ставам на гласање предлогот на г-динот Коцевски.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници.

Јас сакам да ја дополнам процедуралната интервенција на г-дин Коцевски. Имено, се работи за две работи за кои сакам да ги дополнам. Г-динот Борис Трајковски беше поканет , како претставник на опозициона партија и по известување секретарот повторно дојде после еден час, бидејќи средбата со министерот беше одложена , додека не се реши тоа прашање и повторно не беше пуштен да влезе во салата од страната на Службата за обезбедување. Тоа е една работа.

Втора работа, откога се одложи оваа средба, каде што беше почнато разгледување на амандманите на овој закон од пратеничката група на Либерална партија, со министерот е договорено таа средба да се одржи што побрзо во текот на утрешниот ден, некаде околу 14 или 15 часот за да се разгледаат тие амандмани бидејќи во првичните разговори со

министерот дека голем дел од тие амандмани можат да се прифатат и усогласат и договоривме додека не ја одржиме таа средба со овластениот претставник на Владата, министерот за правда г-динот Владо Поповски да не се расправа оваа точка на дневен ред, како што беше предвидено. Тоа беше една главна причина и во договор со него ние тие амандмани ги одложивме, бидејќи во тие првични разговори излезе дека еден добар дел од тие амандмани можат да бидат прифатени, односно ако се модифицираат од министерот и да бидат прифатени и со цел да нема некои непотребни амандмани, доколку се усогласат , односно да нема на самата седница , сепак тоа би било во функција на поефикасно донесување и усвојување на законот и за поефикасна расправа, беше договорено таа точка да се разгледува после таа средба.

Втора работа која сакам да ја нагласам што беше кажано. Вие сите и Владата и Социјал демократскиот сојуз и Либерална и вон-парламентарната опозиција се повикувавме и во изјавите кои беа и во средствата за јавно информирање и на разни расправи на мислењето на национален демократски институт Ембијај, која што утре со група експерти закажа средба во 11,00 часот на која што се поканети и претставници на Владата и претставници на сите политички партии, односно пратенички групи. Доколку веќе сите се повикуваме на мислењето на Ембијај, секоја изјава втора, било на некој пратеник и претставник на политичка партија би било нелогично таа расправа да не се одржи утре, односно да се одржи после веќе извршената расправа. Еден ден ништо не би менувало, затоа е тој предлог даден од Пратеничката група, оваа точка да не биде втора, односно да биде при крај на овие точки, што значи утре после 14 и 15 часот зависно кога ќе биде договорена средбата, да остане точно само да се прецизира терминот, бидејќи терминот начелно е веќе прецизиран. 13,14 и 15 часот. Така да тоа ништо не би менувало, а се работи за еден витален закон, кој

што не е прашање само на Либерална партија на СДС, ВМРО или на Демократската партија или друга, прашање е на овој парламент и на Влада. Се работи за еден закон од извонредно големо значење за Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Шапуриќ времето за процедурална интервенција помина.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Благодарам, јас завршив.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Во врска со овој предлог сакам да се индеференцираат дефинициите. Се разбира дека кога станува збор за процедура, уредната процедура оди преку комисии и на Собрание. Што значи дека разговорот на министерот на повик и предлог од Либералната партија, нема процедурална верификација сама по себе, но е во рамките на политичкиот опортунитет, на она што политички може да биде корисно. Тоа значи дека прифатив пред седницата на Собранието да се поразговара за амандманите со Либералната партија, која што вчера достави свои амандмани 28 на број претходно немаше доставено до министерот за правда и до претставниците на другите партии и со претставници на другите партии на двете вонпарламентарни на ВМРО и на Демократска партија, кои што пред месец, односно пред повеќе од два месеци доставија свои забелешки на законот и кои што беа база за изработка на овој предлог.

Што се однесува до Националниот демократски институт исто така Собранието уште еднаш да го информирам дека во првата фаза направи официјална писмена анализа на текстот и сите забелешки и заклучоци

беа земени под внимание, при изработката на конечниот текст. Тоа значи дека утрешната закажана расправа на истиот Национален демократски институт во Скопје има едно колоквијално значење, не и процедурално во однос на донесувањето на законот во ова Собрание. Овој закон како и секој закон во Република Македонија го донесува Собранието по процедура пропишана со Устав. Што значи дека корисни може да бидат сознанијата на утрешната средба на Националниот институт, но и оценките и сугестиите, но тие не можат да имаат право релевантно значење за процедурата. Ние респектирајки го неговото мислење практично и постапувајќи по него го имаме овој предлог. Постфестум или еднокра на или повеќекратна расправа од тој Институт може да биде само една форма на повторно слушнување на гласот кој што не ни создава некоја обврска. Да резимирам, со една реченица. Имено, може да биде корисно утре , што се однесува до мене, ние разговаравме за утрешен термин околу 14,00 часот до 15,00 да се разговара повторно со Либералната партија по овие амандмани, а Собранието е тоа кое што ќе ги оцени фактите, користа и ќе го донесе самото решение. Како ќе го донесе така е се разбира, правно и релевантно.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Г.динот Петковскија кажа својата вистина јас само да ја кажам и нашата вистина во врска со тоа што го зборуваше,право на пратеничката група како и на сите работни тела на Собранието е да закажуваат седници во некои термини, значи никој не може да ни го оспори правото што денес во 10,00 часот кога требало да почне парламентот, а знаеме дека никогаш не почнува парламентот во 10,00 часот, сме закажале парламентарна група , како што и четири собраниски комисии во истиот

термин имаа закажано седници , како што е право во тек на работата на парламентот да се побара пауза, па да се одржи пратеничка група. Значи забелешката од тој аспект е потполно неодржива.

Второ, г-динот Петковски ја цитираше одлуката од претходниот претседател на Собранието, во која се зборува за прием на странки. Јас не знам зошто Вие луѓето што ние уредно сме ги поканиле како пратеничка група на седница на пратеничката група да учествуваат како претставници на регистрирани политички партии во Македонија ги третирате како странки. Не се тие странки. Тие се регуларно поканети луѓе кои би требало да учествуваат во работата на пратеничката група. Не се работи за некои луѓе кои се опасни за безбедноста на пратениците и воопшто на парламентот. Да го оставиме тоа настрана, јас уште еднаш Ве молам да покажете добра волја и да го прифатите ова барање во интерес на тоа да донесеме прифатлив законски проект, за да не се остваруваат најавите за евентуално неучествување во претстојните локал ни избори.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Коцевски немате право да ме обвинувате за несоработка и неразбирање. Вие баравте порано по истиот закон да се одржи така наречена пред комисиска расправа со вон парламентарни партии. Иако не им е местото во Собранието. Можете да си ги поканите во Вашето седиште на партијата кога сакате. Собранието е за работа на парламентот. И како што стои во работата на комисиите по одлуката да поканувате експерти. Ако овие луѓе се ваши експерти што ги поканивте денес, тоа е во најмала рака за чудење. Во секој случај, кога се работи за Собранието седниците се закажуваат многу порано. И Ве молам, Вие не најдовте за сходно дури вчера да ме известите дека ќе одржите таква

средба. Кога поканувате луѓе надвор од пратеничкиот состав. Пратеничките групи и пратениците во секое време можат да заседаваат, да се координираат, да се усогласуваат. Но кога влегуваат од надвор граѓани кои што не се парламентарци, постои ред. Затоа ги има тие правила за внатрешен ред на работата на Собранието. јас Ве молам да ги почитуваме сите заедно, ако сакаме да обезбедиме нормална работа на Собранието, дали во овој или во друг состав. Јас сепак бидејќи г-динот Коцевски рече дека суштината на барањето е она што сам го поставив да оваа точка Ви предлагам да биде последна во дневниот ред, имајќи го предвид и разбирањето на министерот Поповски да се одржи таа средба со министерот утре изутрина, иако г-дин Поповски беше и денес спремен и на повикот се одѕваа сабајлево и беше на располагање на пратеничката група на Либералната партија, но тие оцениле дека е подобро утре. И јас им предлагам да им дадеме шанса на пратеничката група уште една да седнат со министерот Поповски да. ги усогласат определени амандмани и дилеми околу законот и оваа точка да биде последна на дневниот ред.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Претседателе би замолил во името на пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз да има пауза од 15 минути.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

( Давам пауза од 15 минути).

(по паузата седницата продолжи со работа во 14,00 часот).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Љупчо Поповски.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе почитувани пратеници, јас би сакал само накратко да образложам во врска со барањето за 15-минутна пауза што претходно ја искористивме на барање на пратеничката група на СДС.

На почетокот би сакал да кажам дека СДСМ и неговата пратеничка група, не би била голема партија до колку не би имала разбирање за сите позитивни, убави иницијативи кои придонесуваат за донесување на вистински закони и одлуки, а особено оние кои регулираат битни серии од општествениот живот во нашата држава. Така и во овој конкретен случај, бидејќи се работи за еден многу значаен закон кој се однесува на сите политички субјекти во нашата држава, ние цениме дека би требало да се прифати ова барање на пратеничката група на Либералната партија, до колку, навистина, станува збор за искрени и чесни намери, сепак законот да се донесе благовремено да би можеле изборите за единиците за локалната самоуправа да се спроведат во предвидениот рок.

Воедно уште еднаш би сакал да потсетам дека, сепак, сите важни работи, а особено, бидејќи станува збор за највисок законодавен орган, се донесуваат под куполата на ова Собрание. Тоа се законите и одлуките на ова Собрание и дека тоа треба да биде место каде низ една аргументирана расправа од составот на пратеничките групи да дојдеме до вистински решенија, односно закони и одлуки. Значи уште еднаш би сакал да потсетам дека Собранието е единственото место каде се донесува судбината на секој закон,

III/2

Меѓутоа, сепак, сакам на крајот да кажеме дека не би било во ред до колку овие иницијативи што сакаме да ги разбереме и ова барање на пратеничката група на Либералната партија, не е сепак некоја предигра која во основа би требало да го забабви или да го попречи донесувањето на законот за локалните избори и мислам дека со тоа на некој начин станувaат јасни ставовите на оваа партија, па и на некои други политички партии надвор од Собранието, но во овој момент не би сакал да ги коментирам, за спремноста и храброста да се оди на предвидените односно претстојни локални избори. Од тој аспект мислам дека би можело да се прифати предлогот на претседателот на Собранието, оваа точка од дневниот ред да биде последна точка од оваа седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот оваа точка да биде последна од дневниот ред и по неа да расправаме во текот на утрешниот ден (81).

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Со оглед на тоа што Владата на РМ достави одговори на пратенички прашања пред почетокот на седницата, предлагам пратеничките прашања да се поставуваат по исцрпувањето на точките од дневниот ред.

Кој е за овој предлог молам да крене рака? (81)

Дали има некој против?(нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен .

Господинот Владимир Станковски има процедурално прашање.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господине претседателе господа министри, господа колеги, ова мое процедурално право ќе го искористам и нема никаква врска со дневниот ред.

Мислам дека воспоставивме правило, на сите пратеници кога им е роденден да им се честита.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи ова е уште една потврда дека треба на време да се доаѓа на седница.

Јас и не пропуштив г-дине Станковски да му честитам на г-динот Мешков.

Минуваме на **прватa точка** од дневниот ред - избор на потпретседател на Собранието на РМ.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата постави предлог на кандидат за потпретседател на Собранието на РМ во форма на предлог на одлука што ви е поделена.

Отворам претрес по предлогот за потпретседател на Собранието на РМ.

Има збор г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници.

Врз основа на разговорите кои се обавени со пратеничките групи на Собранието на РМ, односно шефовите на пратеничките групи, пратеничката група на ПДП се обрати до Комисијата за прашања на избори и именувања на Собранието на РМ со предлог за кандидат потпретседател на Собранието на РМ, со кандидатот г-дин Џеладин Мурати.

Во овој случај јас како известувач на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, исто ■ѓака ве известувам дека во Комисијата

предлогот од пратеничката група на ПДП беше прифатен и ред е како известувач на Комисијата само да го презентирам кандидатот г-динот Џеладин Мурати со една негова кратка биографија

Господинот Џеладин Мурати е роден на 15.11.1942 година во село Џепчиште, Тетово. Дипломирал педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје 1960 год, а магистрирал 1978 година и докторирал 1984 година во областа на педагошките науки.

По националност, се разбира албанец, движење во службата професор и заменик директор во Гимназијата во Тетово, професор на Педагошката академија во Скопје, директор и самостоен педагошки советник во Заводот за унапредување на претшколското и основното образование и воспитание Тетово и педагог во Центарот за социјална работа - Тетово. Беше одборник и во Собранието на општина Тетово, делегат и потпретседател на Собранието на СИЗ за социјална заштита - Тетово.

На првите парламентарни повеќепартиски избори 1990 год. беше избран за пратеник во Собранието на РМ, а потоа и потпретседател на Собранието 1991 до 1994 година.

На вторите парламентарни избори 1994 година, повторно е избран за пратеник во Собранието на РМ. Член е на Комисијата за образование и наука, член е на Комисијата за култура и член на Националната комисија на УНЕСКО за РМ. Професор е на Педагошкиот факултет на Универзитетот во Скопје.

Г-динот Џеладин Мурати има објавено 150 стручни и научни трудови од областа на педагогијата и четири книги и тоа: "Проблеми на педагогијата 1992 година","Воспитно образовните погледи на ...1993 год',""Причини за промени на успехот кај учениците 1994" и "Прилози за образованието, наставата и училиштето 1996 год."

III/5

Дами и господа пратеници, после ова останува, нормално вашето изјаснување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара 'збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Согласно член 67 став 1 од Уставот на РМ, Собранието избира потпретседател со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Кој е за предлогот г-динот Џеладин Мурати да биде избран за потпретседател на Собранието на РМ, молам да крене рака? (80)

Дали има некој против?(нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (нема)

Констатирам дека пратеникот Џеладин Мурати е избран за потпретседател на Собранието на РМ. (аплауз)

Го повикувам избраниот потпретседател да даде свечена изјава.

(г-динот Џеладин Мурати доаѓа да даде свечена изјава)

Го молам избраниот потпретседател на Собранието да ја чита изјавата после мене.

Текстот на свечената изјава гласи:

"Изјавувам дека функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе се придржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштитата на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија".

Го молам пратеникот Џеладин Мурати да ја потпише свечената изјава.

(г-динот Џеладин Мурати ја потпишува свечената изјава)

На г-динот Џеладин Мурати му го честитам изборот на функцијата потпретседател на Собранието на РМ, му посакувам добро здравје и многу успех во вршењето на функцијата.

(аплауз)

Преминуваме на **третата точка**- Предлог на закон за наследување.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (79)

Дали има некој против?(нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (нема)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за наследување.

Преминуваме на **четвртата точка** - Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата за научна и технолошка соработка меѓу Владата на РМ и Владата на Соединетите американски држави со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвои предлогот за донесување на Закон за ратификација на спогодбата за научна и технолошка соработка меѓу Владата на РМ и Владата на САД.

Кој е за молам да крене рака? (79)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласаше? (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претреси и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (76)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (76)

Дали има некој против?(нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (нема)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на спогодбата за научна и технолошка соработка меѓу Владата на РМ и Владата на САД.

III/8

Минуваме на **<u>петата точка</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за јавните патишта со предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот, мислењето на Владата и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор пратеникот Зоран Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе почитувани пратеници се работи за една сосема мала интервенција на законот што беше дадена и при донесување на овој закон кога беа поднесени амандманите. Имено, во членот 20 став 4 од овој Закон е предвидено општинските СИЗ за патишта да престанат со работа, со конституирање на фондот во член 20 а најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Со текот на времето оваа одредба се покажа како неоствалива во пракса и тоа од повеќе причини. Имено од самото Министерство за сообраќај дојде допис во собранијата на општините веднаш да престанат со работа тие СИЗ-ови и да се формираат нови. Откако дојде тој допис, се увиде и од страна на Министерството и од страна на општините дека е нелогично во толку краток рок да се формираат фондовите и да се укинат СИЗ-овите, па од самото Министерство дојде друг допис а и од Републичкиот фонд во кој се вели дека претходниот допис се стопира и се одлага за понатаму формирање СИЗ-овите.. на овие фондови и дека продолжуваат со работа/. Овој рок истекнува на почетокот на декември. Најбрзо да се организираат односно одржат локалните избори јасно е дека неможе да се формира овој фонд и ќе се создаде еден вакум, а со тој вакум можно е да не функционираат овие СИЗ-ови односно фондови

кои се предлагаат. Тука стои  дека не се менува онаа одредба дека со конституирање на фондот, веднаш се расформира постојниот СУЗ за патишта. Тој ќе си продолжи, како што постоел 10 години и две години пролонгирање, може да постои уште некој месец. Затоа се предлага исто решение, со формирање на општинскиот фонд за патишта, да се укине, меѓутоа не во рок од 6 месеци, стои, а најдоцна во рок од 12 месеци. Значи не се задира во ништо. Чисто е. Една практична и остварлива животна примена.

Овој закон беше поднесен пред месец и нешто, Комисиите не можеа да расправаа, бидејќи немаше мислење од Влада, мислењето од Владата дојде дури денеска, така да тоа беше целата пречка за одвивање на оваа работа. Меѓутоа, бидејќи се работи за краток закон јас сметам дека Владата ова мислење не го дава како што треба, бидејќи се работи за една техничка интервенција, можно е да дојде и до мајоризација, да не се прифати , да се прифати мислењето на Владата. Меѓутоа, сакам да појаснам дека со ова, фактички, се усогласува нормативната со реалноста. Инаку во спротивно би дошло да имаме една норма која не може да заживее, ништо друго. Од тие причини е поднесен предлогот. Се работи за сосема кус закон од еден став во членот, така да не би требало да оди во повеќе фази. Финансиски средства за спроведување, како што е дадено во образложението не се потребни или некое друго оптоварување, само е усогласување на една норма со животот, со стварноста, со цел да немаме непримenливи норми.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за изменување на Законот за јавните патишта.

Кој е за молам да крене рака? (18)

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (51)

Констатирам дека Заклучокот не е усвоен.

IV/1 CJ/ПН

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

**Шеста точка** - Предлог за донесување на закон за изменување на законот за набавување, поседување и носење на оружје, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието и мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон. Молам, кој бара збор? Има збор г-дин Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, овој предлог како што ви е познато беше поднесен уште пред б месеци. Тогаш дојде исто така мислење во последен момент од Владата каде беше укажано дека самиот предлог како предлог не е лош, дека е добар, дека треба да се врши обука на оние кои што треба да добијат дозвола за носење, поседување и набавување со оружјето и дека овој закон е стар закон, законот е донесен во 1972 година, со бројни измени кои се вршени, 7-8 измени кои се вршени од 1972 година до 1993 година, но повеќе од назививити бидејќи со осамостојувањето на РМ беа терминолошки последните измени.

Тогашното мислење беше дека ова решение треба да се вгради во еден нов комплексен закон, јас исто така го прифатив тоа мислење на Влада дека треба да се донесе еден нов комплексен закон кој ќе го реши ова прашање кое всушност е решено уште од 1972 година. Меѓутоа, тогаш имаше ветување дека тоа набрзо ќе биде сторено. Исто така и ова

решение се предлага парцијално, затоа што сепак во рок од 6 месеци кога беше дадено ветување дека ќе биде изготвен закон, тој закон сеуште го нема ниту во Владина процедура, а камоли во Собраниска процедура. Поради тоа јас го поднесов овој закон, бидејќи се работи за една минимална обука за луѓето за кое што не се потребни големи средства бидејќи секој оној кој бара дозвола за набавување, поседување и носење на оружје треба да уплати една сума, а МВР или некој друг орган на државата е спремен тоа да го спроведе и не би бил никаков проблем.

Меѓутоа, последиците од неуко ракување со оружје беа бројни, во последно време сите знаете дека е вистинска мода која владее, така да речам со одење на лов и тн., таму се бројни само ранувања, а по поднесување на овој предлог односно неусвојување во меѓувреме беа уште неколку инциденти дури и од некои функционери настанати така да се покажа дека навистина една ваква обука е потребна.

Тогаш кога се расправаше тогашниот претставник г-динот Илија Гајтановски не даде никакво образложение зошто не се прифати законот, некоја поширока елаборација, очекувам сега да го даде и што мисли за комплетно решавање на овој проблем.

Јас инаку и понатаму останувам на стојалиште дека е потребен сосема нов закон, меѓутоа до донесување на овој закон, бидејќи веќе 6 месеци пројдоа, не е ништо направено и ова е едно парцијално решение додека не се донесе еден комплексен и целосен закон. Прашањето за безбедноста на граѓаните не е само прашање само на ова Собрание или на пратеничка група на СДСМ или Либерална партија, прашањето на

безбедноста на граѓаните е прашање на сите граѓани. Во таа општа безбедност на граѓаните спаѓа и донесувањето на законските и подзаконските акти околу оружјето. Јас се согласувам дека е потребен закон, каде ќе бидат децидно утврдени услови кој може да добие оружје, кој што ќе биде максимално рестриктивен со цел оружјето што повеќе така да кажам отстрани од нашите улици за да бидеме ние како граѓани уште побезбедни и сите други да се чувствуваме безбедно. И од таму тоа е прашање за сите нас.

Тој закон треба да има јасни критериуми кои може да добие и каков, кои мора да бидат рестриктивни, мислам на критериумите, максимално, значи оружјето да го отстраниме што побрзо од учиците. Но, дотогаш оваа интервенција, овој закон да биде применет. Новиот комплексен закон треба да ги содржи и сите други недостатоци кои се појавија во праксата - издавање на лекарски уверенија и тн., проверка дали е осудуван или не е, кои делумно, и сега се спроведува, кој не, дали има воопшто потреба од носење и доколку има, како и што.

Јас затоа ги повикувам пратениците да гласаат за овој закон, бидејќи јас исто така се согласувам дека е потребен комплексен закон, меѓутоа, еве изминат 6 месеци од ветувањето за нов закон, нема ниту најава, ниту е влезен во законска процедура.

Причините што го поднесов овој закон се чисто моја морална обврска како пратеник и пред избирачите и пред граѓаните на РМ во смисла на зајакнување, на зацврстување на нивната безбедност. И сега, доколку не се прифати овој закон и доколку комплексен закон не биде понуден од страна на Владата или  Министерството кое има голем

број стручни кадри и не е проблем да го изработи овој закон, јас нема да жалам труд и време да подготвам и целосен закон за што се надевам дек нема да има потреба бидејќи се надевам дека ова уште еднаш ќе ја мотивира Владата односно Министерството што побрзо да го донесе овој комплексен закон со кој што ќе ја регулира оваа материја, а се во смисла на зголемување на безбедноста.

Оттаму очекувам тој закон да биде што побрзо донесен, а уште еднаш ќе ги повикам пратениците да гласаат за овој закон без оглед дали ќе има мајоризација или не, јас кажав дека е моја морална обврска да се залагам за некој принципи кои и понатаму ќе ги спроведувам без оглед дали некој закон ќе помине или не, меѓутоа и доколку не биде усвоен јас се надевам дека конечно ќе биде инспиратори и ќе го иницира овој проблем пред Владата со цел да биде донесен комплексен закон.

Инаку, да кажам само уште неколку реченици дека овде се работи за минимум обука, да допрецизирање би можело да биде со подзаконски акт на Владата или на Министерството, кој што прецизно би го изработиле овој закон.

Исто така се јави г-динот заменик и јас очекувам од него пошироко образложение.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Гајтановски, заменик министер за внатрешни работи.

**ИЛО ГАЈТАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Владата по втор пат го разгледа предлогот за донесување на закон за измени и дополнување на законот за набавка, поседување и носење на оружје и оцени дека не се изменети условите во однос на потребата од правење на ваква измена на законот. Имено, искажаната констатација дека на овој начин, со едно вакво решение, со една ваква измена во законот би се спречиле бројни несреќни случаи е несонована, да не речам е паушална од причина што анализите во Министерството во овој поглед говорат дека состојбата не е таква. Се работи за некои инцидентни случаи.

Иако со вториот предлог е извршено извесно допрецизирање во смисла на изземање од обука на припадниците на МВР и на припадниците на АРМ, сепак во предлогот остануваат неколку отворени прашања кои не ги разрешува предлогот на закон. Имено, не само припадниците на МВР и припадниците на АРМ туку и вработените во казнено поправните установи имаат обврска да носат оружје и да се обучуваат. Понатаму, не треба да се занемари фактот дека полнолетните граѓани од машки пол остварувајќи ја обврската во АРМ се обучуваат за носење и ракување со оружје. Така да се поставува прашањето на целисходноста на едно вакво изменување и дополнување на законот од причина што само исклучително мал број на луѓе би се јавиле кои би барале дозвола за носење на оружје и би биле така да речам необучени. Тоа е занемарлив број на луѓе. Тоа е едниот комплекс на прашање.

Вториот комплекс кој предлагачот не го имал во предвид, а во предлогот на законот што го нуди констатира односно тврди дека тоа нема да значи значителен број на средства, односно дека нема да има

потреба од значителни средства за спроведување на овој закон не држи, од причина што за спроведување на обуката макар и минимална треба да се формираат комисии составени од стручни лица, треба да се обезбеди соодветен контингент на оружје и муниција,а сето тоа чини.

Третата причина зошто не се прифаќа предлогот е што не се опфатени и други прашања со самиот предлог, односно не се дава одговор кој ќе биде субјектот кој ќе ја врши обуката, кој ќе биде овластен да ја врши обуката, условите под кои ќе се врши, кој ќе го врши надзорот над обучувањето. Тоа се прашања кои се регулираат со закон, а со подзаконски акт како што упатува предлагачот би можело да се регулираат единствено постапката, начинот и некои други да речам прашања во врска со обучувањето.

Тргнувајќи од сево ова, Владата оцени дека предлогот на овој закон неможе да биде прифатен. Што се однесува до тоа дали оваа материја може да се регулира со нов закон, тоа да речам е прашање на едно пошироко согледување.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, само сакам да дадам одговор на некои наводи на г-динот заменик министер.

Прво, не се согласувам дека случаите со саморанување и самоповредување, или повредување на друг поради неукото ракување со оружје се инциденти. Тие се се почести, особено гледаме во ловот, а како што кажав има дури некои кои се обучени па ги прават тие работи. Но, и кога би биле инцидентни тие случаи за мене и еден случај е сепак

случај и затоа сметам дека треба се да се направи, за да се намали. И еден граѓанин да се саморани или да повреди други тоа е веќе прашање за размислување и сериозна работа иако ако некој од пратениците реагира, ова не е така, а гледате дека само неколку дена по одбивање на минатиот закон се случија 2-3 несреќи кои бевте информирани од јавноста. Од некого беше поставено и пратеничко прашање, така да не тоа изговор, кога би било инцидентно.

Прво, не се согласувам дека е тоа инцидентно, тоа е сѓ почеста појава која зема поголем замав, но кога би биле и тоа инцидентни случаи, и тоа е за мене алармантно бидејќи секој поединец е важен, секој граѓанин е важен во оваа држава и еден да се повреди или само рани или рани друг, тоа е важна работа и загрижувачка и овој Парламент и Влада и било кој мора да преземе се да не дојде до тоа.- Не само, се разбира, а преку норматива. Постојат и други мерки, тоа треба да се направи.

Тоа што го кажа заменикот дека се потребни средства исто така не претставува голем проблем бидејќи секој оној кој ќе ги исполни тие услови, а се надевам дека со новиот закон дека ќе бидат поригорозни, подецидни и построго утврдени критериуми, тој плаќа многу скапо оружје, не знам колкава е цената, некои велата дека е веќе денарска противвредност на 1000 германски марки, тој кога веќе тоа и другите уверенија ги плати или ја платил таа обука и таа обука би се извршила и таа муниција и тие контингенти би се обезбедиле и самиот би си ги надоместил трошоците. И, ако веќе некој сака и да поседува оружје и ги

исполнува условите ќе го плати тоа. Така да нема да биде никаква обврска за државата, ниту пак министерството ниту пак за било кого да ги направи. Меѓутоа, и кога би биле потребни средства, а не се, сепак во интерес на безбедноста на граѓаните тоа не би требало да претставува некоја пречка.

Инаку ова за подзаконски акт тоа може да се реши, може да се доразработи. Тоа што го тврдеше заменикот, дел од неговите излагања јас исто така ги прифаќам, меѓутоа, доколку сето ова што беше досега кажано го дадоа во вид на амандман со цел да се надополни и подобри овој закон, а пак се времено до донесување на некои комплексен закон јас би го прифатил тоа како амандман и би се надминало тоа.

Исто така уште еднаш ќе потенцирам дека не ми беше одговорено дали Владата планира во најскоро време со комплексен закон, а се разбира дека треба согледување, меѓутоа законот е стар веќе 25 години. Откако се кажа дека е потребен нов закон изминат повеќе од 6 месеци, а не е направено ништо, јас го молам да ми одговори дали во некој рок и кога би можело да се очекува овој комплексен закон кој децидно и строго ќе ја регулира оваа материја, а се со тоа со намера оружјето да се исфрли, а така да кажам од улиците, да го имаат само оние на кои им е потребно, бидејќи и самите претставници на Министерството кажаа дека сите овие, најголем број кривични дела се извршуваат не од луѓето што поседуваат оружје, дека сепак е вршена таа селекција, таа треба да биде уште построга, туку од оние илегално го поседуваат тоа оружје. 99% случаи на примена се извршени од оние што илегално го поседуваат оружјето, а овде има само тенденција за неукост со ракување. Оттаму јас

очекувам тоа да биде што побрзо регулирано, се со единствена цел, бидејќи јас пак ќе потсетам почитувани пратеници иако некои мислат дека ова не е важно, тоа прашање е и те како важно за сите пратеници, безбедноста на граѓаните е едно од најважните прашања за нас и не можеме од тоа да отстапиме и некои да реагира дека 5-10 минути се повеќе или помалку одземени. Друга работа е ако некој не мисли вака, не се ни јавува да изнесе свои контра аргументи, тоа е се разбира право на секој пратеник дали ќе го поддржи или не и дали ќе изнесе на говорница или не. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за набавување, поседување и носење оружје.

Кој е за, молам да. крене рака? (16)

Дали има некој против? (3)

Дали некој се воздржува од гласање? (49)

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Преминуваме на **7-та точка** - Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој за реализација на Проектот за помош на индивидуалните земјоделци, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Параќеов, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**НИКОЛА ПАРАЌЕОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, пред да кажам неколку зборови за самиот закон и за потребата од негово донесување сакам да потсетам дека овој закон беше ставен на дневен ред на претходната седница заедно со Законот за развој на малото стопанство, на приватното стопанство и дека требаше да претставува практично еден пакет од два закони. Денешниот закон беше повлечен од донесување во Собранието заради тоа што беше најавено до Светската банка дека е во изглед да се одобрат уште 3 милиони долари, кои би биле употребени во санација на штетите кои ги направи болеста лигавка и шап. Затоа, Владата беше на мислење дека е подобро заедно овој износ со додатниот во една процедура да ги помине, да биде донесен таков закон со двата износи. Меѓутоа, во додатните информации се укажува дека Светската банка процедурата за овие 3 милиони долари ќе ја стави во редовна постапка, која бара еден подолг временски период и дека би било нелогично оваа материја која е подготвена да чека. Затоа

се определивме повторно да го ставиме овој закон на дневен ред, а додатните три милиони долари на еден поинаков начин да бидат исто така во една процедура прифатени од ова Собрание. Тоа е во однос на прашањето зошто беше ставен и зошто беше повлечен законот.

Инаку, овој кредит, тоа е проект за поддршка на приватните земјоделци, тоа е кредитна линија од 7,9 милиони американски долари, која ја дава Светската банка на Република Македонија под ИДА услови што значи 0,75% наплата за услуги, 35 години на отплата и 10 години грејс период.

Проектот се состои од неколку компоненти и тоа: реораганизација и модернизација на центрите за унапредување на индивидуалното земјоделство, приватизација на ветеринарните служби, унапредување на здравствената заштита на животните и карантинот, подобрување на системот за информации, за цените на земјоделските производи на пазарот, во соработка со Заводот за статистика на Македонија, понатаму изработка на студија за можна организација на пазар на големо во Скопје и последна рурално финансиски услуги, со што би се добило подобрување во достапноста на финансиски услови во индивидуалните земјоделци преку формирање на штедно - кредитни заслуги.

Главно тоа се позициите кои до крајот на овој век треба да ги прифатиме и тие имаат задача - навистина треба да се објасни,во насловот стои "проект за поддршка на приватните земјоделци", меѓутоа, практично во овие услови, во овој фонд на Светската банка нема крајни корисници туку се финансираат модели и услови за подобрување на општиот амбиент со кој што индивидуалните земјоделци се доведуваат во поповолна позиција, така што практично и на матичната комисија се разговараше доста, беше актуелен овој закон и таму се расчисти прашањето дека практично тој е поврзан со овој закон за развој на

приватното стопанство кој вчера го донесе ова Собрание, каде што беше кажано четири милиони марки од вкупно 1.8 се предвидени исклучиво за финансирање на земјоделството и кој што практично е поврзан дел со овој закон кој денес Собранието треба да го донесе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор господинот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, вчера и денес донесуваме два закони со кои, како - така, почнува да тече таа помош со некои кредити од надвор за нашиот аграр. Министерот Параќеов кажа дека со донесувањето на денешниот закон за задолжување на нашата држава со околу 8 милиони долари пред светските банкарски институции тие пари нема да стигнат до некои крајни корисници, односно во овој случај сигурно и нашиот министер мислеше дека тие пари нема да стигнат директно до нашите фармери што долго време ги очекуваат.

Овој закон јас ќе го поддржам и мислам дека со него во нашата држава ќе бидат создадени поволни услови за развој на приватното земјоделство кое и во стариот систем, и во овие пет самостојни години е оставено само на себе, без некоја поголема грижа од нашава држава.

Како пратеник од 60-тина села кои исклучиво се занимаваат со земјоделство и сточарско производство и денес во ова модерно време ги нарекуваме фармери - тешко на нив ако се фармери со два ипол хектари просечна земјоделска површина,по толку хектари оставија креаторите на поранешниот систем кои за жал, некои од нив, и денес седат овде меѓу нас, ронат солзи за селаните - ќе бевме порадосни ако денес донесевме некој закон со кој исклучиво ќе му се дадеше право на тие какви

такви фармери да користат средства за работа и развој не само на селото, туку и на своите домаќинства.

Овие кредити нашите земјоделци ги чекаат долго време. Ги чекаат со задача да обезбедат работа во селото и преку своите планови за поголемо селско - стопанско производство, не само што ќе обезбедат развој на средината во која што живеат туку и натаму да бидат единствени стожери преку производство на евтина храна за социјалата на нашата држава Значи, земјоделските кредити се чекаат само заради тоа, а не заради не- кое богатење на земјоделците. Ако земјоделците се богатеа досега не ќе останеше ни педа земја од нашите бизнисмени, а тоа беа тие што имаат пари сигурно. Меѓутоа, ете, моќниците кои пет години од овие светски банки крстарат низ нашиве села добро што дадоа виза да се одобри и овој кредит за нашиот аграр. Добро е што овие моќници што шетаа низ нашите села видоа дека нашава држава, иако е сиромашна, има добри потенцијали аграрни можности за производство на храна, има добра аграрна наука, добри стручњаци и интелигентни земјоделци кои заради тоа што немаат парични средства не можат да дојдат до некои повисоки приноси што ги бара нашата аграрна наука. Сметам дека овие моќници од светските банки, односно емисари што трчаат низ нашите села толку време, видоа нешто друго дека ние не сме некоја заостаната африканска држава за да ни солат памет, туку дека сме доволно наоружани со памет, и сега ни требаат само пари, за да се оттргнеме од оваа сиромаштија која што денес ја има.

Почитувани пратеници, кредитот што се употребува за потребите на центрите за унапредување на приватното земјоделство ќе одигра значајна улога за идниот развој на приватното земјоделство. Со неговите центри не само што ќе се опремат со разна опрема за извршување на задачите за поголемо и поквалитетно производство на храна од имотите на нашите приватни земјоделци, туку тие ќе станат и вистински центри за примена на европските и светските модели за работа и организирање на

приватното земјоделство во нашата држава. Фармерските модели на пример на Данска, Англија, Холандија, Германија и другите земји со високо развие: аграр мора да се најдат и во нашава средина ако сакаме и кај нас да има доволно храна на секоја наша трпеза. Ние тргнавме кон Европа со аграрни односи наследени уште од империјата. Мислам дека не може да се оди во Европа со едно такво аграрно производство онака како што работеше мојот и Вашите дедовци по имотите со земја. Во нашата држава мора да стаса она што е во Европа, ако сакаме повеќе храна.

Во овие земји, господо, моделите за повеќе храна ги кројат ваквите центри. Данска која денес произведува пет пати повеќе храна од она што и треба на државата нема село, нема општина, нема подрачје каде што нема раширено ваква мрежа на таканаречени селски агрономи кои го помагаат не само развојот туку и бизнисот во аграрот. Центрите се школи на фармерите за се од високи приноси, до премирање на селско - стопанското производство. Затоа на пример таму насекаде и во секоја средина има толку храна и сешто е ново.

Господо, аграрните модели од Европа некој треба да ги земе и да ги донесе кај нас. Тој некој сега треба да бидат овие центри. Нивните стручњаци треба да работат на оваа проблематика, а за тоа треба денари. Без пари не може да се оди во Европа по памет за воведување на современа организација на селско стопанското производство. Центрите што ќе ги добијат овие кредити, како што е познато се формирани пред повеќе од две децении. Иако беа формирани за да се лажат светските банки дека системот мисли на приватните земјоделци и во нивно име се земаа огромни .кредити што никогаш не стигнаа до селаните, во изминатиот период одиграа значајна улога во преобразбата на приватното земјоделство. Селските агрономи дадоа огромен придонес во менување на ликот на нашето говедарство, овчарство, градинарството, лозарството и други агро гранки. Мислам дека овие

центри ќе направеа уште повеќе ако за нив и нивната дејност се водеше поголема грижа од страна на нашата држава. Ако од големите аграрни кредити се издвоеше една мала ронка за опремување на овие центри со разни апарати што ги бара праксата од аграрната наука, денес приватното земјоделство не ќе беше на ова дереџе на кое се наоѓа денес. На еден чекор до 21-иот век јас морам да кажам една вистина. Овие центри иако се формирани да бидат во служба на приватното земјоделство, сеуште нема лабаратории за педеолошки испитувања на земјата. Денес немаме ниеден земјоделец со лична карта на својата земја за тоа која земја ја има земјата и која храна му треба односно со еден збор речено, употребуваме ѓубре без да знаеме во која количина треба да се употреби и дали тоа ѓубре што се фрла на ораниците е потребно, без опрема за утврдување на болести и штетници по имотите на приватните земјоделци, без воведена матично книговодство, без опрема за утврдување на квалитетот на млекото. Денес нема ниеден центар со лабораторија каде што може некој земјоделец да ја испита масленоста на своето млеко и се тераат да одат по разни медицински центри, додека да дојдат до некоја вистина на овој план. Потоа без никаква опрема за утврдување на бонитетот на самото жито, без пари за спроведување на разни производни опити на селските имоти. Понатаму без ниту едно превозно средство за да стигнат селските агрономи од своите канцеларии до нивите на селаните. На нив им се дадени едни скапани фичовци од пред 20 години што не можат никако да излезат од дворот а камоли да тргнат до некое село на далечина од 20 километри од градот. На крајот за жал овие центри немаат ниту една обична клешта за да се изврши маркирање на грлата на добитокот на приватните земјоделци.

Со вакво однесување на државата кон овие центри нема што да се очекуваат поголеми резултати од овие што се постигнати до сега. Ако стариот систем ги батали и заборави, овој систем мора да најде сили тие

да станат тоа што треба да станат. Се надевам дека со ова нашите центри ќе успеат да застанат на здрави нозе и набрзо ќе им помогнат на селаните таму каде што треба да помогнат.

Инаку, министерот Параќеов кажа дека овој закон вчера беше повлечен затоа што требаше да се добијат некои други средства во износ од 3 милиони долари за санирање на штетите од лигавката. Не знам колку е тоа точно, меѓутоа мене ме интересира една друга работа. Во образложението на овој закон се вели: "Напоменуваме дека дел од кредитот одобрен од Меѓународната банка за обнова и развој во износ од 4 милиони германски марки е наменет исклучиво за приватните земјоделци со можност дел од тој кредит наменет за развој на приватниот сектор да се пренасочат за приватните земјоделци".

Второ, во поглавјето "финансиски средства" се вели дека за спроведување ан овој закон се потребни финансиски средства во износ од 3 милиони американски долари од Буџетот на Република Македонија кои би се обезбедиле во период од 4 години. Јас би го прашал министерот сега дали станува збор за нови 4 милиони германски марки, за кои вчера расправавме односно за старите или за нови 4 милиони германски марки. Колку што ми е познато, вчера го прифативме законот за заемот и станува збор за 18 милиони германски марки, за кои се вели дека 4 милиони ќе бидат за приватните фармери, 14 за приватното стопанство, се одобрени од Меѓународното здружение за обнова и развој. Овде сега се меша меѓународна банка. Би сакал едно појаснување од министерот за ова.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор господинот Никола Параќеов.

**НИКОЛА ПАРАЌЕОВ:**

Јас во моето излагање кажав дека ова треба да претставува од двата закони кои се дополнуваат еден со друг. Во однос на прашањето

на господинот Тантаров, воопшто не се работи за нови туку едноставно тоа што беше во законот кој што вчера е донесен од вкупно 18 милиони марки, 4 милиони марки се исклучиво за индивидуалното земјоделство, а 14 милиони се за малото стопанство.

**НИКОЛА ПАРАЌЕОВ:(**продолжение)

Така што, стои уште една можност од оваа сума 14 милиони марки, доколку не се искористи за намената, можно е индивидуалното земјоделие да користи со посебно барање, без да се прави нова процедура туку едноставно можно е префрлуваше од оваа сума од 14 кај четири милиони. Така што не се работи за нови, туку се работи за 4 милиони марки што се во Законот донесен вчера.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-дин Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници,

Ја користам можноста и 'јас како и мојот претходник да го поздравам овој добар чекор на Владата на РМ, и ресорниот министер.

Конечно, пред нас имаме еден закон за заем земјоделието кој, и те како е потребна за оваа стопанска гранка во РМ, што од по- одамна чекан еден ваков потез. Сигурно дека условите дадени во Законот се типично за земјоделието, со оглед дека сите инвестиции во земјоделието никогаш не можат да се вратат толку брзо како што тоа може да биде во некоја друга стопанска гранка. Овие поволни услови под кои се добива овој кредит ќе овозможат дека парите што се определени за оваа намена ќе можат да се вратат.

За мене останува и понатаму дилемата искажан од министерот, тоа што беше кажано во претходната седница дека со овој закон би требал да дојде нов закон со кој што РМ би се задолжила уште со 3 милиони долари за штетите претрпени од шапот и лигавката што и те како е актуелна денес во РМ.

VI/2.-

Но, јас не би чекал, па затоа предлагам, читајќи ги намените каде би требало сите овие средства да се потрошат, јас искрено да ви кажам овде не би се согласил со сите овие места каде се мисли да се користат овие средства, иако сигурно и таму треба да се користат, да се прават основните претпоставки, за да може утре да се развие земјоделието такво какво што треба да биде развиено во РМ, но јас мислам дека уште во овој заем има да одредиме место одредени средства да се одделат за шапот и лигавката што се многу актуелни.

Што сакам да кажам?

Сигурно дека ветеринарните станици и те како се потребни. Но, за да можат тие да функционираат првенствено треба да обезбедите сточен фонд, а, ние претрпевме големи загуби со ова што настана во РМ. Затоа предлагам дел од средствата уште од овој заем да се наменат за надокнада на тој сточен фонд со што би се стимулирале приватните земјоделци односно сточари да можат што побрзо да го обноват својот сточен фонд за да можат сите овие други функции и други служби што се овде предвидени да се развијат навистина нешто да работат.

Инаку, сигурно јас не знам до крај која би била намената на тие 3 милиони нови долари со кои би се задолжила РМ, а веројатно затоа што се договоривме во Комисијата за земјоделие, за одбележување и отворање на некакви картотеки, мислам дека би требало овде одреден а сума да се предвиди и за таа намена да се интервенира и те како брзо. кај луѓето заинтересирани да го обноват тој сточен фонд за добивање нови расни крави од познати фирми и од надвор.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

VI/3.-

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжување на РМ кај Меѓународното здружение за развој за реализација на проектот за помош на индивидуалните земјоделци.

Кој е за, молам да крене рака? (51 пратеник)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува? (Никој)

Молам да се провери бројот на присутните пратеници во салата.

Молам да се повикаат пратениците да влезат во салата.

Пауза до 16,00 часот.

(по паузата седницата продолжи со работа во 16,15 часот)

Да го повторам заклучокот:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за задолжување на РМ кај Меѓународното здружение за развој за реализација на проектот за помош на индивидуалните земјоделци.

Кој е за овој заклучок молам да крене рака?

69 пратеници.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

70 пратеници.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да с претресе и Предлогот на законот.

VI/4.-

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на насловот на предлогот на законот, на член 1 и за додавање нов член 4.

ЗПК поднесе амандман на насловот на Предлогот на законот. Отворам претрес по амандманот на насловот на предлогот на Законот поднесен од Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Параќеов министер за земјоделие

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Параќеов министер за земјоделие.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Параќеов министер за земјоделие.

**НИКОЛА ПАРАКЕОВ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара Збор, го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (73 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на РМ кај Меѓународното здружение за развој за реализација на проектот за поддршка на индивидуалните земјоделски производи.

Минуваме на **точката 8**. - Предлог за донесување на закон за спроведување на територијалната реорганизација на единиците на локалната самоуправа.

Предлогот за донесување на закон, извештаите на^работните тела на Собранието Ви се доставени односно подделни.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Поповски, министер за правда.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Само неколку куси воведни напомени.

Станува збор за краток закон со вкупно практично 11 членови и еден преодни одредби, но многу значаен во пакетот на закони околу локалната самоуправа. Особено во рамките на законот за поделбата на РМ на општини.

Многу значаен заради тоа што го решава прашањето на имотот или на материјалната база на општините, па во таа насока е регуларен делбениот биланс меѓу државата и општините, овие што постојат и меѓу овие општини и новосоздадените општини.

VI/6.-

Понатаму, важен е заради тоа што го поставува практично и прашањето за јавните комунални претпријатија, другите јавни претпријатија, јавните служби и јавните организации. Законот се определува за концепт на тн. систем на јавни сервиси. Во таа насока се решава исто така и прашањето на документацијата на администрацијата во новите општини и сл.

Што е поентата или суштината на овој закон.

Практично, можете и самите да заклучите дека се уредува систем на односи меѓу општините, особено новосоздадените општини и општината во која произлегуваат во која граѓаните од руралните општини нема да станат така наречени експроприрани граѓани. Овој закон дава до знаење дека јавните претпријатија, јавните служби и јавните организации се општо добро, односно на сите граѓани на постојните општини. Во таа смисла, секоја поделба на општини на сегашните општини, што значи множењето на општини, не ги става во нерамноправна положба граѓаните од руралните општини. Истовремено не претставува законот за поделба на РМ на општини, не претставува основа за експропријација практично на тие граѓани.

Се поаѓа од становиштето дека сите тие јавни служби се општо добро дека во нив имаат вложувано сите граѓани независно дали живеат во градовите или во селата и на таа основа практично се уредува статусот на овие јавни претпријатија како сегашните општински јавни претпријатија како меѓуопштински јавни претпријатија, се уредува механизмот на договарање и се уредува рамката на односите и на функциите на тие меѓуопштински јавни претпријатија.

Истовремено, содржана е и една превентивна норма во смисла да не се создаде вакум помеѓу функцијата на овие претпријатија доколку процесот на договарањето и постигнување на меѓуопштински спогодби се оддолговлечи или доколку се покажат противречени интереси и доколку се наметнуваат појаките интереси на една општина на спроти

друга, во тој  период Владата ја презема грижата за одвивање на функциите на јавното препирајте и истовремено станува орган кој решава во однос на одре- дени статусни прашања на јавното репетирајте? особено поврзано со работоводниот орган.

Затоа сметаме, да завршам, дека овој закон е многу значаен. ја премостува опасноста од осиромашување и експропријација на руралните општини и  ја премостува опасноста од создавање вакум во функционирањето на јавните претпријатија. Овој закон ќе предизвика соодветни промени во другите закони, на пример исто така и во законот за градот Скопје.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-дин Хасипи.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван претседателе,- дами и г-да пратеници, Не е спорно дека е потребен овој закон во што побрз рок' да се донесе, дотолку повеќе што со законот за локалната самоуправа и Предлог-законот за територијалната поделба и определувањето на подрачјата на единиците на локалната самоуправа ќе се појави потреба за регулирање на односите помеѓу постојните општини и новосоздадените општини. Во таа смисла ќе се направат биланси помеѓу државата и постојните општини и постојните општини и новоформираните општини, со поделба на ингеренциите, одземање на документацијата итн.

Овој закон беше на дневен ред на расправа на Комисијата за меѓунационални односи. За жал, поради немање кворум таа седница не се одржа, па не можеше Комисијата да излезе со сопствен извештај. Поради тоа се јавува само за две работи, ќе бидам краток.

VI/8.-

Според моите скромни познавања членот 5 и членот 8 некако одат во колизија со Законот за локална самоуправа. Имено, законот за локална самоуправа предвидува дека советите на новоформираните единици на локалната самоуправа имаат свои административни управни органи. тоа се исклучиво органи во надлежност на советите на тие единици. Меѓутоа, одредбата на членот 5 која донекаде може да се сфати во смисла на рационализација, ингеренциите во смисла на вработување во управните и административните органи на единиците на локалната самоуправа ги пренесува на ниво на министерството. Тоа е корисно за рационализацијата меѓутоа дефакто освен во општините каде немаме таков кадар оневозможува нови вработувања од местото каде што се формирала нова единица на локална самоуправа. Имено, се користи постојниот потенцијал во постојните општини за да истите, дефакто, се дистрибуираат во новоформираните единици на локалната самоуправа, што задира во изворните надлежности на советот во чии што ингеренции се тие вработувања. Тоа е едно.

Второ, за јавните претпријатија, добро е што тие ќе бидат сервис за сите граѓани, меѓутоа по законот за локална самоуправа има можност единицата на локална самоуправа да формира јавно претпријатие доколку има материјална база. со овој член дефакто се повикуваме на постојното јавно претпријатие во Општината која што постои, што ќе служи како јавно претпријатие и за новоформираните единици на локалната самоуправа врз база на спогодба. Претпоставувам дека во пракса само со оваква формулација дел од новоформираните единици практично нем да ги добиваат услугите на она ниво на кое што ги има постојната единица на локалната самоуправа и не дава шанса единицата на локалната самоуправа која што има материјална база да формира јавно претпријатие да го формира сходно на своите потреби. Барем според оваа формулација. Сакам да го искористам присуството на министерот по можност да ги појасни овие две работи.

Благодарам за вниманието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Видете, според мене се работи за сложена материја и ќе треба доста работа, доста труд и анализи да се дојде до соодветна правна регулатива во оваа област. Накратко, само ќе изнесам некои од моите забелешки во однос на Предлогот за донесување на закон за територијална реорганизација на единиците на локалната самоуправа.

Прво, најпрво мислам дека насловот на предложениот закон е инкомпатибилен со содржината односно предложениот^текст. Така, според понудениот предлог што Предлогот го именува како закон за спроведување на територијална реорганизација на единиците на локална самоуправа по секоја логика според мое мислење, наведува на помисла дека објект на овој закон односно предлог на закон треба да^биде одредувањето на границите помеѓу единиците на локалната самоуправа односно општините во територијална смисла.

Во причините за донесување на законот се наведува од страна на предлагачот дека законот се донесува и за регулирање на односите што се однесуваат на создаваше услови за започнување со работа на новооснованите единици на локалната самоуправа и за уредуваше на односите помеѓу така наречените стари општини и нови општини.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:** (продолжение)

Поимот создавање услови за работа" сметам дека е многу шиорк поим и се однесува првенствено и во изборните прашања и во организацијата и конституирањето на органите и во објектите, фактички каде треба да дејствуваат односно да работат во такви органи и во другите правни акти, статути и тн. и во финансирањето итн. Тоа е многу широк смисол што не е предмет на регулатива на овој Закон.

Кога се зборува за уредување на односите помеѓу таканаречените нови општини и стари општини сметам дека ако се размисли по логично не би требало да постои таква поделба од причини што практично ако се донесува законот за територијална поделба на РМ тогаш сите општини практично и правно се нови општини.

Потоа, кои односи треба да се уредуваат помеѓу тие општини Дали само делбениот биланс, функционирањето на јавните претпријатија документацијата итн. Значи, не се однесуваат на севкупните односи што практично значи не одговара на насловот на предложениот закон.

Второ, се поставува прашањето како ќе се изврши поделбата на имотот и објектите ако сеуште не е јасно кои објекти се сметаат за државна сопственост, а кои објекти и припаѓаат на општините. Значи најпрво треба да се дефинира кои објекти припаѓаат на државата а кои на општините, потоа има доста објекти со сеуште не дефиниран статус а граѓаните учествуваат финансиски со самодопринос. Фактички тука се поставува прашање чии се тие објекти.

Потоа, се поставува прашањето што ќе се прави со вработени што се во одделни објекти; потоа објектот ако е неделив како ќе се постапи и што ќе се прави со правата и обврските и долговите, како ќе се пристапи кога ќе се дојде до спорови помеѓу две општини односно дали тие спорови ќе се третираат како имотно правни спорови во рамките на

имотно правните односи итн. Членот 4 навлегува во изворните надлежности на единицата на локалана самоуправа и треба според мене да се преформулира или да се брише во целост.

Четврто, во предлогот стои дека вработувањето во ново-основаните општини ќе се врши од таа општина или од вработените односно работниците кои се вработени во подрачните единици во министерствата а се од тие општини. Тука не можеме да ги доведеме до рамноправност руралните и градските односно урбаните општини. Руралните општини ќе ги доведеме до неповолна положба од причина што вработените во подрачните единици н а министерствата треба да се повлечат во општините и практично руралните општини нема доволно да бидат претставени во подрачните единици на министерствата. Значи, само градските граѓани или работници ќе бидат претставени во подрачните единици на министерствата и така практично руралните единици на локалната самоуправа ќе ги доведеме до затвореност изолација и ќе се оневозможи нормална комуникација помеѓу руралните единци на локалната самоуправа и подрачните на министерствата.

На крајот предлагам насловот на Законот да се измени и да гласи: "Закон за уредување на односите помеѓу новооснованите единици на локална самоуправа и општините од кои произлегуваат новите единици на локалната самоуправа". Сметам дека тоа повеќе одговара и на потребите и на логиката и сметам дека многу посериозно треба да се работи на оваа материја од причина што се работи за доста сложена материја.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседатеале, почитувани министри и претставници на министерствата, почитувани пратеници, ќе бидам доста краток од

причини што претходниот дискутант доста опширно укажа на некои работи, а со оглед на тоа дека се работи за прва фаза верувам дека Министерството и  Владата ги разгледаа сериозно овие забелешки.

Имено, точно е дека овој Закон треба да биде мал, меѓутоа не по секоја цена затоа што одредени прашања треба да се дополнат со овој закон.

Како прво , навистина после 5 години најава сеуште не е извршена распределба меѓу државен и општински имот. Тој имот мора да се разграничи. Тоа се најавува 5 години за да се знае, и оној недефиниран, меѓутоа и оној имот условно да кажам бара државен. На поранешни сизови, на поранешни заедници и друго. Меѓутоа, овде исто така битна е една компонента испуштена. Испуштени се месните заедници. Тоа не беше директно кажано, затоа што месните заедници имаат мали објекти и тие мора да учествува во оваа делба. Во спротив една уставна категорија,како што се месните заедници од закон во закон би се девалвирале, затоа што речиси во ниеден закон не се спомнува а спомната е во Уставот. Не знам дали би требало некој посебен закон или воопшти дали некаде ќе си најдат место месните заедници. Мора да се утврди и начинот на делбата на оној имот и статусот на МЗ.

Понатаму, кога се врши тој делбен биланс пренаглањена е улогата на министерствата, а на општината е многу намалено. Треба и преку бројот на претставници, и да се разработи методологијата, баре и минималната и оваа распределба, а не само да биде овластено едно или друго министерство тоа да го прави, како и постепеноста на постапката. Многу јасно е дека овде ќе настанат страшни спорови помеѓу општините, помеѓу општините и државата, помеѓу месните заедници, условно да кажам за некои државни организации, поранешни ЗИС-ови итн

Мора да бидеа јасна постапка во смисла кој орган второстепено ќе решава бидејќи треба да се донесе законот, ќе отпочне меѓутоа тоа со години ќе трае. Илузија би било ако мислиме дека Законот ќе стапи на сила, ќе се конституираат новите локални совети итн. и немојте да мислите дека се ќе биде мед и млеко, ќе се расчисти. Ова ќе биде можеби слично, слична маса како што претстои со законот за денационализација и неговото споредување. Така да на прв поглед изгледа вака лесно, меѓутоа праксата ќе покаже и не постои идеален закон, меѓутоа треба ние да се потрудиме и Владата да бидат што попрецизни некои работи.

Исто така, ќе има многу ситуации кои не може да ги предвиди ниту Министерството, ниту пратениците, меѓутоа треба една мала анализа со некои анкети да се направи од старана на посебна група на министерството, или некои други државни органи, посебно со органот на општа управа за да се видат кои се проблеми се сега и кои би можеле да произлезат.

Освен обезбедувањето на двостепеноста на оваа постапка мора да се предвиди и судска заштита бидејќи ќе има спорови и да се каже што дотогаш, како ќе биде бидејќи сосема е реално овој закон без оглед кога да заживее ќе треба години и години сосема да си легнат работите на своe место односно да се расчисти бидејќи нешто што било 50 години да се реши за 3 месеци, 6, година без некој потреси, тоа е илузија да се очекува и затоа барем постапките и методологијата колку што е можно побрзо да се уреди и на кој начин сето ова ќе биде. Притоа мора да биде нагласена улогата на општините повеќе во однос на министерствата и месните заедници односно онаму каде што се задира во имотот на месните заедници тие да бидат вклучени во овие ко!мисии, бидејќи не постои општина, освен две-три, барем спрема нашата предложена нова

социјална поделба, која нема некакви промени.

Исто така, големо прашање и голема дискусија е дали може со овој закон да се утврди бројот на вработените во локалната самоуправа. Ако е веќе со закон и ако некој деригира како тогаш една сигнализација ќе се претвори во друга и не е јасно дали може воопшто со закон да се прави. Гледаме претстојниот закон за комунални предности каде се предвидуваат едни органи, други дали сето тоа може токму така механички да се поврзи со бројот на жители па да се каже ова а особено за градот Скопје, кој има и завод за информационен систем, кој има бројни служби, кој е опремен еден главен град да биде со 25 вработени. Јас не знам навистина еден било кој главен град во Европа и Светот да има таква организациона поставеност со само 25 вработени, но тоа се однесува, или пак една општина од 100 илјади жители да има 10 или 15 вработени. Тоа е навистина невозможно и со ова без оглед на тоа што се ингеренциите смалени итн. меѓутоа се предвидуваат разни комунални инспекции, разни други органи кои што можат и не мора да влезат во овој закон. Сето тоа ќе значи едно ново централизирање, ново оневозможување, а и ќе биде спротивно треба да внимаваме со Европската повелба за локална самоуправа односно локална управа, бидејќи таму се наведени одредени работи кои се а кои мора да се почитуваат, а знаеме дека РМ пред веќе подолго време ја потпиша оваа спогодба, сеуште не сме ја ратификувале, не знаеме зошто, меѓутоа веројатно ќе дојде на ратификација пред овој Парламент

Илузорно би било да се очекува да им се наложува на општините покрај ова ограничување да примаат од овој орган и од овој орган особено во еден случај кога покрај заложбата за намалување на бројот

На вработените во државна управа, знаеме дека тој број е зголемен. Сега некои министерствава го зголемуваат се разбира со некои исклучоци, тоа не е случај во сите министерства, го зголемуваат бројот на вработените преку онаа квота и покрај тоа што имаат обврска да се намали бројот, а некои министерства воопшто немаат доволно вработени и сега некои што ги примал тие да бидат наметнати во општините. Тоа е илузија да се очекува и ниту еден било која политичка партија да победи, или било кој градоначалник независен или од некоја партија ќе прифати државата да му наметнува кои да бидат вработени, или пак да му наметнува од една во друга општина. Затоа оваа одредба мора сериозно да се преиспита, како и одредбите околу комуналните односно јавните претпријатија да се види дали има простор, тоа е спомнато и во Законот за комунални дејности кој ни претстои како наредна точка, меѓутоа малку да се усогласат бидејќи постојат одредени неусогласености. Се на се за да се обезбеди едно ефикасно спроведување, јас не сум толку формалист, без оглед дали насловот одговара или не одговара, меѓутоа, мора да се прецизира. Фактички суштината е делбениот биланс а не спроведување на територијалната реорганизација. Од тие причини мислам дека овој закон може и тоа како да се надгради во втората фаза и да биде надополнет со некои решенија особено со распределбата на имотот, кое што е важно прашање и што е што не може да очекуваме да биде во догледно време спроведено

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитувани пратеници, нормално поддржувајќи ги сите забелешки што ги кажа г-динот Билали јас ќе се задржам уште на една забелешка.

Во член 11 стои дека новоосnованите општини ќе почнат со работа најдоцна до 1 јули 1997 година. Поаѓајќи од сите претпоставки и со оваа динамика на донесувањето на законите, пакет на закони на изборите

односно локалните избори мислам дека некако не држи изборите ако одат, според нашата претпоставка и со нашата динамика да почнат некаде после 15 ноември и да завршат некаде до крајот на ноември 1996 година. Тука остануваат равно уште 7 месеци со конституиран совет на новоформираната општина и избран градоначалник сите тие 7 месеци да се чека да профункционира новоформираната општина мислам дека е многу.

Бидејќи законот е  во фаза на донесување мислам да се направи нешто да се исфорсира таа динамика на реновирање на тие објекти каде што функционираат сега месните заедници особено во новоформираните општини за да може тој совет ако не веднаш, барем после месец -два да функционира и градоначалникот. Значи да не се чека 7 месец, затоа што навистина тоа е еден интервал, време што е премногу за чекање. Од ноември до 1 јули тоа е многу.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Посебно за законот не сакам да зборувам, затоа што станува збор за еден технолошки закон кој треба да го спроведе еден материјален закон, а тој закон сеуште не е донесен, Меѓутоа сакам неколку други прашања да спомнам, бидејќи во спроведувањето на тој закон во суштина ќе се предизвикаат други реперкусии во Републиката.

Во РМ сеуште е на правна сила еден сојузен закон а тоа е закон за основните сопственички права донесен 1990 година, надополнет 1991 година, каде во суштина се дефинираат основните сопственички права во државата. Сеуште тој закон ниту е променет ниту има било каква постапка за донесување на нов законски проект.

Гледајќи ги сите проблеми кои настануваат од спроведувањето на сите закони што ги донесуваме сега, во суштина територијалната реоргнаизација, спроведувањето, на тој закон во суштина ќе стане збор за имотно правните односи, на расчистувањето на единиците на локалната самоуправа кои ќе бидат основани со Законот за територијална поделба. Оттука сакам да покренам една иницијатива во РМ за донесување нов закон за основните сопственички права каде во РМ ќе бидат дефинирани облиците на сопственост по обем и содржина, Затоа што во РМ никаде не е дефинирана општинската сопственост, месната сопственост и не знам уште какви сопствености не се употребуваат во позитивните законски проекти кои ние ги донесуваме, а во суштина таа сопственост никаде не е дефинирана ни по обем ни по содржина. Ка наставуваат огромни проблеми во врска со спроведувањето на самите законски проекти аз да можеме и понатаму во Републиката да го расчистиме конфликтот на сопственостите кои ги имаме со промената на самиот систем во Републиката согласно Уставот јас предлагам за расчистување на сите други проблеми кои ќе настанат да се формира стручна екипа во Републиката од стручњаци кои ја познаваат таа област и да се отпочне со правењето на законот за основните сопственички права во РМ каде ќе се дефинираат сите облици на сопственост по обем и по содржина за да ги немаме проблемите кои ќе настанат со законите што сега ги донесуваме.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Јас кажувам дека треба да го промениме името во предлог за донесување на< закон за спроведување на територијалната реорганизација на единиците на локална самоуправа. Треба да се смисли нешто друго кое што повеќе би одговарало на суштината, заради тоа што ние на 11 ќе разговараме за оваа материја иако има новинари нека демантираат дека вчера се зборело одбиен е предлогот на ПЦЕР за нова општина. На ромска програма е кажано тоа. Срамота. Овде во член 2 во рок од 6 месеци до донесување на овој закон ќе се изврши делбен биланс. Јас мислам дека добро се познати катастарските општини, месните заедници, активата и пасивата на претпријатијата кои што егзистираа во секоја сегашна општина и тој делбен биланс и накнадно после 7 месеци до 1.07. друг делбен биланс тоа значи 13 месеци, мислам дека предолго е тоа време аз да може да егзистираат, односно да почнат со работа општините. Ова време треба да се скрати обавезно. Во членот 4 се наведува и според мене голема разлика е од аспект на вработени во општините, општина со 10 илјади жители 5 вработени од 10 илјади 1 до 30 илјади. Секаде 20 илјади разлика вработени па 9, 11 па 15. Мислам дека тука треба да се стори нешто. Разликата е многу мала. Понатаму, во членот 5 вториот став нови вработувања во новооснованата општина ќе има само под услов ако нема работници од органите под став 1. Мислам дека сегашните општини ќе го задржат постручниот кадар она што досега им правеа проблеми ќе го фрлат малку на друг колосек со законот за локална самоуправа нека одат горе долу и т.н. Мислам дека треба да се води огромна сметка тука во овој кадар, зашто сите општини, ингеренциите нивни се еднакви. Сигурно ќе има потреба во вториот став каде што се вели , ако е нужно да се задоволат потребиte од службеници во општините кои покрај македонскиот јазик и кириличното писмо

во употреба е писмото на определена националност. Ова ќе биде една законска работа, исполнување на еден законски услов кој што според Уставот на Република Македонија го дава тоа право и нема да биде лошо.

Во членот 6 примопредајата на документацијата треба најдоцна до месец мај 1997 година да трае. Јас се мислам дека е доцна. Треба малку побрзо, треба малку поекспедитивно. Јавните комунални претпријатија не потпаѓаат под режимот делбен биланс. Тоа е во ред и така треба да биде. На крајот кога ќе почнат во општините односно новоотврените општини според законот за локална самоуправа да доаѓаат средства, прилив на средства , јас верувам дека на почетокот уште со создавање на општината ќе се отворат и жиро сметки на новите општини. И според законот за локална самоуправа средствата ќе бидат како прилив во тие општини, никако во старите општини. Да нема после мешање ова е мое ова е твое. Тие да не се предмет на делбен биланс. Може нешто друго да има од аспект на актива и пасива да се подели. Инаку тие средства кога ќе почнат да фигурираат како нова управа тие да останат таму . Јас верувам дека целата работа е во инфраструктурата. Комуналните проблеми и инфраструктурите проблеми. Тие се тие.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието го усвојува Предлогот закон за спроведување на Законот за територијалната реорганизација.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за спроведување на територијалната реорганизација на единиците на локалната самоуправа, при што ќе ги

има предвид предлозите, мислењата и забелешките содржани во извештаите на работните тела на Собранието и укажувањата од расправата на пратениците на седницата на Собранието.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието и укажувањата од расправата на седницата на Собранието ќе се достават до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката девет** - Предлог за донесување на закон за кривична постапка.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Г-дин претседателе, дами и господа пратеници. На овој начин со Предлогот за донесување на закон за кривична постапка, фактички Собранието го започнува процесот за донесување на еден од најважните закони. Тој е еден од темелните закони на правниот поредок, бидејќи ја зафаќа нај чувствителната зона на слободите и правата на граѓаните,

зона која што е под призмата на граѓанското општество и на граѓанските традиции, долго време со векови. Значаен закон заради тоа што постојат редица меѓународни стандарди и во исто време многу парадигматични решенија во компаративното право. Значаен закон е заради тоа што прашањето на демократијата во една земја до голема мерка се цени според законот за казнената постапка, односно кривичната постапка. Од тие причини овој закон е еден сложен индикатор, или систематски индикатор за состојбата на човечките слободи и права во вашата земја, Затоа сме под будното око на меѓународните заедници кои што за своја главна функција ја имаат негувањето на демократијата и развивањето на демократските институции во секое општество, особено во рамките на оние земји кои што се членки на тие меѓународни заедници

Во таа смисла, овој закон е од посебен интерес и за Советот на Европа, па затоа сакав да укажам дека Законот за кривичната постапка ќе биде донесен после извршената експертиза од страна на Советот на Европа што е закажана, или која што е закажана за 16 септември оваа година.

Владата на Република Македонија во таа смисла Предлог на закон за кривична постапка ќе достави до Собранието после дискусиите, сугестиите и заклучоците на Парламентот на Република Македонија, ќе биде отворена на сугестиите и критичките забелешки од други стручни и јавни институции, а во секој случај ќе се потпира врз светските експертски наоди на Советот на Европа од угледни правници кои што ни се најавени за доаѓање во нашата Република. Би сакал само да укажам дека со овој закон се прави еден комплетен чекор во усогласувањето на оваа материја со Уставот на Република Македонија во кој постоеше расчекор во таа смисла, што постојната кривична постапка беше под нивото на регулирањето на слободата и правата опфатени во големата

корпа на Уставот на Република Македонија, значи доаѓа до усогласување на законското ниво со уставното ниво.

Второ, се врши иновација по основа, на меѓународните стандарди, универзални или регионални на кои Република Македонија е член, или во однос на кои таа сака да се огледа.

Трето се воведуваат некои новини или некои позајмици од казнената постапка од другиот модел, бидејќи постојат два континентален и американски или инквизиторски или акозаторски модел. Во таа насока посебно е потенцирана положбата на одбраната , односно се даваат нови инструменти со кои одбраната станува рамноправен партнер во кривичната постапка со другата страна со обвинението или обвинителот.

Второ,една од поважните новини е таа што во рамките на оваа казнена постапка се прави исчекор, така да се каже, кон поактивната улога на обвинителот во истражната постапка, во таа насока што обвинителот, особено пред кривичната постапка воспоставува надлежност на дел од криминалната полиција, која што во случајот по одреден кривичен предмет станува наредбодавец на инспекторите, или надлежните работници од криминалната полиција во насочувањето на тие предистражни постапки. Со други зборови во голема мерка, или во тенденција се настојува во поголема мерка, обвинителот да стане активна странка во истрагата за да може да укаже ан една посеопфатна и принципиелна реформа која што е најавена за големата промена во областа на казнената постапка, која што би дошла како резултат на компаративно истражување, испитуваше на меѓународните искуства после 2 до 3 години кога ќе се понуди на ова Собрание нов закон за кривична или казнена постапка, која што би била конечно системски концепциски решение од нивото на Европското или меѓународното право.

VIII/6.-

Во овој закон се внесе н еден нов институт кој што крена, ценејќи според медиумите , покрена голем интерес и крена голема прашина, а тоа е затворот заради судење. Сакам во две реченици да појаснам. Република Македонија со својот Устав го има лимитирано притворот на 3 месеци. Сакам да информирам дека толку краток рок на притвор не постои ниту во една земја. Има две до три земји во Европа чии што притвор изнесува 6 месеци, додека во сите други земји притворот е подолг, може да биде до 2 години, а некаде не е лимитиран. Во сите земји постојат конструктивни норми каде што се укажува каде сите органи постапувајќи по одредено кривично дело, или по одредено обвинение против некој сторител се должни во најкус можен или разумен рок да ги завршат претходните постапки, истражните постапки и на тој начин да се даде и гаранција или да се востанови основа врз која лицето, граѓанинот кој што е осомничен , или против кого е покренато обвинение да може да користи редица на правни лекови во смисла на скратувањето на односниот притвор. Факт е дека тој рок од 3 месеци не ни служи како индикатор кој што нас би не истакнало на врвот на демократските општества, бидејќи не сме на врвот на демократските општества. Напросто е направена грешка која што грешка е направена под влијание така да кажам, на гласачкото тело или на процедурата при донесувањето на Уставот. Стручната комисија, ако се потсетиме на тоа имаше предложено 6 месечен притвор. Меѓутоа, во постапката пред уставната комисија во односот на политичките сили, во еуфоријата, или во романтизмот за градење на некакво демократско општество или најдемократско најавагардно се изгласа со оглед на односот на силите притвор во траење од 3 месеци. И тогаш беше укажувано, а сега веќе јасно знаеме дека притворот од 3 месеци е контра продуктивен во правец на гонење на сторителите на кривичните дела, особено на сторителите на тешки кривични дела, особено на крвните деликти. Ние можеме да доставиме

статистика меѓутоа, над 40 сторители на тешки кривични дела користејќи го тој краток рок, кој што не може на ниеден начин со досегашното законодавство да се продолжи е надвор на слобода , при што дел од нив се недостапни за правдата, ја имаат напуштено границата или во рамките на Република Македонија, се кријат па не можат да се откријат, но главно ја напуштаат границата на Република Македонија, а дел од нив стануваат повторници или повторно вршат нови кривични дела. Што значи општо земено правдата не може да биде ефикасна кон најтешките кривични дела и второ, граѓанството е загрозено со голем степен на ризик во однос на сторител&те на кривични дела, само заради таа кривична норма од тие причини постои не само нормативна , односно не само теориски, туку и нормативна практична потреба да се премости односниот недостаток. Ние сметаме дека затворот за судење е нова институција правна, иако ефектите во однос на притворот се слични, но тој се покренува врз нови правни елементи, или врз нова правна основа. Ние го врзуваме со актот на подигнувањето на обвинението. Што значи дека против секој осомничен, против кого нема подигнато обвинение за сторено кривично дело притворот не може да трае повеќе од 3 месеци. Меѓутоа, за сторител за кого веќе има покренато обвинение од страна на јавниот обвинител веќе може да се изрече затвор заради судење за да може и тој исто така елимитиран на три месеци затоа што се загрозува слободата и правото на граѓанинот, или на тој начин не се доведува комплетно од прашање презумкцијата на невиност кој што се утврдува само со правосилна судска пресуда, туку за сторител за кој веќе има јасни индикатори, за кој обвинителот се решил да покрене обвинение, а обвинителот не би се впуштал во авантура да го губи спорот, таму каде што нема доволно докази или уверување дека има доволно докази за

кривично дело и за сторителот како носител на тоа кривично дело, па се предвидува тој институт затвор заради судење кој што се става под сите лимити што претходно се ставени за притворот. Имено дека до 30 дена го одредува судијата, само Совет може да определи продолжување, само под условите предвидени што се во членот 189, односно во сите други членови во кој постои прва опасност за одбегнување на правдата постои опасност за сторување на нови кривични дела и слично. И конечно би побарал поддршка од Собранието на тој институт и конечно прашањето дали е тој уставен или не е уставен да го оставиме на институцијата која што ова Собрание со Уставот ја има востанвоено како институција надлежна да цени што е конечно во согласност со Уставот или не е. не е необично ако ова Собрание донесе некој закон за кое Уставниот суд на пример по некое решение на пример ќе донесе одлука дека не е во согласност со Уставот. Имено досега многу такви решенија Уставниот суд ги има оспорено. не може да претендира на совршеност ни едно тело заради тоа има корективни институции , Уставниот суд е една од таквите корективни институции. Меѓутоа, при стартот ние сметаме дека стартуваме со една правна институција која што може да се вклопи во рамките на Уставот,односно која што не е против уставна. Што значи дека не купуваме време на тој начин.

IX/1/ДВ/лј

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри.

На една од последните седници министерот за правда рече дека во овој закон ќе чини напори да воведе нови работи за кои ние пратениците албанци во ова Собрание се залагаме и тоа на вистина го прави, има доста примери кога тоа не беше досега случај, такви напори да се направат. Меѓутоа, и натаму остануваат работи кои можат и подобро да "бидат регулирани. Една од таквите прашања е прашањето во случај кога сите странки во постапката, заедно со судијата се од една националност, во случајов кога не се Македонци, бидејќи согласно уставот а и овој закон службен јазик во Македонија е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо.

Јас предлагам во овој закон за вакви случаеви да се предвидува одредба каде ќе може постпката а се води на јазикот на учесниците во расправата, вклучувајќи го и судијата. Такви случаи односно примери јас ќе ви кажам. Еве јас доаѓам од Дебар, судијата е Албанец, странките се албанци. Како ќе комуницираат меѓу себе. Просто не заради потценување, туку малку заради тоа што, еве, некој ќе смета некој нешто натурува, незгодно би било двајца албанци, во таков случај меѓу себе македонски. Мислам дека потполно сум во право, не знам колку успевам да ве убедам Во таков случај сметам треба и постапката да може да се изведува на тој јазик. Добро би било и напредно тоа да биде малку и поинаку да може и одлуките да се донесуваат на тој јазик. Меѓутоа за тоа можеме да зборуваме.

Господине Даневски, ако имате да кажете дојдете овде, немојте од место да приговарате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам немојте од место да дофрлувате. Секој има шанса да каже што мисли.

IX/2.-

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Во овој случај мислам дека таква одредба треба да биде предвидена. Тоа е мое образложение.

Сум имал прилика, додека Македонија беше во составот на поранешна СФРЈ, одредени документи да бидат потпишани бидејќи беше такво правило кога станува збор за меѓународни протоколи меѓународни договори да се потпишуваат на јазикот кој што го зборуваше претседателот на соодветното тело. Еве еден пример.

Бев член во својство на преведувач на една поткомисија, меѓудржавна комисија за водрстопанство при поранешна СФРЈ кога јас во својство на преведувач и член на таа поткомисија кога записникот односното протоколот на поткмисијата за рибарство, мешовита-југословенско - албанска се потпиша на македонски јазик. тоа заправо заради тоа што правото му беше дадено на претседателот на поткомисијата кој беше македонец и во Албанија е потпишан таков протокол. За тоа има докази, повелете Проверете во Министерството за земјоделство и шумарство. Јас сум бил учесник и знам. Заради тоа велам, ова што го кажувам има потполна поткрепа, меѓународни правила биле тие и на поранешна СФРЈ. Мислам дека ништо лошо нема да направиме ако ние едни такви одредби вклучиме овде. Само ке одиме напред, а никако назад.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Само една сугестија до министерот, бидејќи кривичната постапка ја реализирам и професионално и во тој контекст можам да кажам неколку збора во врска со делот што ја обработува малолетничката деликвенција односно постапката за малолетници.

Јас сум свесен дек донесувањето на овој закон е неминовно и треба да го донесеме бидејќи е во спрега со кривичниот законик. И од вчера донесовме закон за кривични санкции односно првата фаза и нормално е дека напоредно би требало да ги имаме сите овие три

закони, да ги споиме бидејќи се многу меѓусебно зависни и еден од друг неиздвоив. Меѓутоа, сакам да укажам е добро сега, може би за прв пат во овој закон предвидуваме облигаторно нешто на бранителот на малолетничката деликвенција, уште во почетокот на постапката што го сметам за позитивно Меѓутоа, морам да констатирам дека и во кривичниот законик и во кривичната постапка и во овој закон многу малку имаме направено во однос на измените во делот на малолетничката деликвенција. Сакале тоа да го признаеме или не тоа е така.

Дали сега Министерството за правда размислува, покрај сите состојби да направи нешто повеќе во однос на овој дел, јас не знам. Меѓутоа мислам дека се наметнува за потребно и тука да се направат некои радикални промени во интерес на постапката и кривичниот закон се во името односно интересот на личноста на малолетникот. Така да имам и еден пример односно еден предлог.

Во член 456 дали може, субјектите кои учествуваат во постапката социјалниот орган да биде облигаторот. Досега тоа е се факултативно. Меѓутоа, праксата покажа дека нема постапка за било кој малолетник да не биде присутен социјалниот орган. Тоа има големо значење во однос на водењето на постапката, кажување на вистината и утврдување на она што треба да се утврди познавајќи ја личноста на малолетникот.

Предлагам до законодавецот ако може во тој дел социјалниот орган да биде облигаторен а не факултативен. Со тоа мислам дека ќе добиеме еден квалитет.

Исто така добро би било кривичниот законик и овој закон да се усогласат во тој дел, бидејќи таму се потенцира орган за здравството а овде викаме социјален орган. Добро е тоа терминолошки да го усогласиме како што го усогласивме навремено во законот за семејство, што е тоа брачен другар итн. Со тоа мислам ќе добиеме во однос на квалитетот.

IX/4.-

Уште еднаш би го молел министерот да направиме нешто и во оваа сфера. Многу е пријатно да се направи затоа што, малолетничката деликвенција од ден на ден добива се поголем замав и да не кажам сторители на кривични дела се многу помали малолетници отколку она што се дефинирани во кривичниот законик.

Инаку, јас го прифаќам законот односно и содржината и текстот на кривичниот законик.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господо пратеници.

Се надевам дека со овој предлог за донесување на закон односно со Предлогот на закон што ќе се најде пред нас ќе се постигнат целите за отстранување на остатоците на минатото за влијанието на дневно политичките настани врз судската постапка односно врз судот.

Исто така се надевам дека во овој закон предлагачот на законот водел сметка за усогласување на овој кривичен законот со меѓународните стандарди и норми со кои Република Македонија се обврзала да ги вгради во националното законодавство како обврска што произлегува од зачленувањето во разни меѓународни институции и организации. во поглед на ова сметам дека предлагачот на законот водел доволно сметка и дека е предложен квалитетен закон кој ке ги отстрани сите овие остатоци од минатото. Впрочем тоа и во самиот предлог на овој закон се наведува од страна на самиот предлагач и се надевам дека така и ќе се постапи.

Одредени забелешки, како и мојот колега Ајдарага, имам однос на употребата на јазикот односно утврдувањето на службеноста во водењето на кривичната постапка.

Иако на одреден начин предлагачот на законот се обидува да вгради и можност односно да им овозможи на припадниците на националностите да се користат со својот јазик во кривичната постапка, сметам дека начинот на кој тоа се прави не е најсреќно избран и дека би требало да се измени терминологијата што се употребува во членовите 6, 7, 8 и 9.

IX/5.-

Мојата забелешка се однесува на тоа дека припадникот на националноста за да може да обезбеди водење на кривичната постапка на својот јазик, треба да се декларира како граѓанин кој не го разбира и не го зборува службениот јазик. Сметам дека тоа непотребно се прави. Истовремено сметам дека тоа треба да се овозможи во постапката како службен јазик исто така, но со обезбедување на превод, доколку на тоа инсистира предлагачот на законот, да се обезбеди тоа право како право што произлегува од статусот на националностите во Република Македонија, а не како потреба на водење на постапката од непознавање на јазикот на кој се води постапката односно на службениот јазик.

Сметам дека на овој начин непотребно јазикот на националностите се изедначува со јазикот на едно странско лице што ќе се затекне во РМ и кое ќе дојде во судир со судските органи. на овој начин се изедначува употребата на јазикот на лицето кое е припадник на националностите во РМ со странско лице. тоа се прави во членот 7 бидејќи се упатува лицето кое е во постапка пред кривичните органи да се декларира дека не го познава службениот јазик и понатаму ќе се води постапката на тој јазик.

Понатаму, сметам дека тоа е уште поизразено во членот 8 каде исто така таа дистинкција е на тој начин иако тука е на позадоволните начин решено. Но, во секој случај, пак се остава можноста по декларирање на лицето да се утврди потребата за овозможување на лицето да го употребува својот јазик.

Во членот 9, исто така, имам одредени забелешки во однос на тоа дека се утврдува правото на припадник на националноста само поканите да му се врачуваат на јазикот на националноста, додека тоа не се однесува и на одлуките и другите писма со кои се служи односно кои се предмет на кривичната постапка. Сметам ова треба да се прошири на сите службени акти кои се доставуваат до припадниците на националностите

Се надевам дека за овие неколку забелешки предлагачот на законот сериозно ќе размисли и ќе најде соодветни решенија со што овој предлог на закон ќе биде прифатлив за сите нас.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го закучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за кривична постапка.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за кривична постапка, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на РМ.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието и укажувањата од расправата на седницата на Собранието да се доставaт до Владата на Република Македонија и до Министерството за правда.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?

(62 пратеника)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **<u>10-тата точка</u>** - <u>Предлог за донесување на закон за комунални дејности.</u>

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

IX/7.-

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор г-дин Шундовски, министер за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Една од мерките за мерење на степенот на цивилизацискиот дострел е и степенот и развојот на комуналната сфера во населените места. Од тие причини и од потребата за изменување на досегашната дејност во делот на комуналните,дејности, денес пред вас се наоѓа предлогот на закон за комунални дејности, дејност која е важен сегмент за животот и работата на граѓаните и претставува сфера која непосредно учествува во секојдневните активности и потреби и е во директна врска со заштитата на животната средина и природата.

Овие дејности во досегашниот период беа уредени со законот за работење и управувањето на ОЗТ што вршат комунални дејности од посебен општествен интерес, донесен во 1977 година, при што на ваквите дејности им беше даден само посебниот општествен интерес, а општините со одлуки сами ги определуваат конкретните комунални дејности. Поради тоа се чувствува голема шареноликост во регулативата со изразити негативни импликации особено во финансирањето, раководењето и управувањето и унапредувањето на комуналните претпријатија.

Не беше докрај регулирана дејноста на финансирање на комуналната потрошувачка, пред се на јавните зеленила, на парк шумите и површините за рекреација, одржувањето на улиците, сообраќајниците и другите јавни прометни површини, сообраќајната сигнализација и слично.

Особени потешкотии за вршењето на овие дејности имаше во сферата и во делот на финансирањето.

Поаѓајќи од новите уставни начела, особено од изминатата уставна

положжба на општината како единица на локална самоуправа во која граѓаните непосредно и преку претставници учествуваа во одлучувањето по прашањата од локално значење, а посебно во областа на комуналните дејности, потребно е да се создаваат нови услови и нови принципи за поквалитетно живеење и работа на граѓаните, точно во оваа сфера.

Со законот за јавните претпријатија е утврдено дека комуналната дејност е стопанска дејност од јавен интерес и ќе се утврдува со посебен закон.

Со Законот за комунални дејности се надминуваат досегашните состојби, се даваат определи квалитетни системски решенија, пред се, до индивидуалната и заедничка комунална потрошувачка односно се менува статусот на комуналните дејности.

Како основни начела определени со овој закон се следните:

- Се обезбедува континуирано и квалитетно давање на комуналните услуги како услов за живот и работа на граѓаните и другите корисници.

- индивидуалната и заедничката потрошувачка претставуваат интерес на граѓаните и на останатите корисници.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ**: (Продолжение)

Се создаваат услови за вршење на комунална дејност како незаменлив фактот на животот и работата на граѓаните и стопанството во целина. Со законот особено се утврдуваат условите и начинот за вршење на комунални дејности, правата и обврските на комуналните претпријатија во управувањето, користењето и одржувањето на комуналните објекти и финансирањето на истата сфера. Комуналните дејности во суштина се давање на комунални услуги, изградба и одржување на објекти и опрема на комуналната инфраструктура. Поради тоа, определено е дека треба да се обезбеди крајно и квалитетно вршење на комуналните дејности, одржување на комуналните објекти и опремата во функционална состојба со преземање на мерки за заштита и унапредување на животната средина.

Определени дејности ќе мораат да бидат уредени со посебни закони. Така заради определување на условите за одржување на хигиената во градските и другите населби, обработка и депонирање на комуналниот цврст отпад, депонирање на индустриски опасни и штетни материи, вршење на погребални услуги, одржување на јавните паркови и зелени површини и многу други дејности и подоцна ќе произлезат а по потреба аз регулирање со посебни закони.

Со посебен закон ќе се регулираат и условите за вршење на дејност за собирање, користење, преработка и промет со отпадни материи од комунален индустриски отпад што се користат како секундарни суровини. Оваа дејност и досега беше регулирана со посебен законски акт, но таквите решенија се одамна надминати и потребно е нивно новелирање.

Дадена е можност единците на локалната самоуправа со свои акти да го уредат начинот и организирањето на вршењето на комуналните дејности. Со законот се дава можност за вршење на оние комунални дејности со кои ќе се задоволат потребите од индивидуалната и заедничката потрошувачка.

Кога станува збор за финансирањето средствата за вршење на комунални дејности се обезбедуваат од цените на комунални услуги, дел од надоместокот за употреба на градежно земјиште, комунални такси, буџетот и други услуги. И, што висината на цената ја определува основачот. Со законот се определени соодветни мерки и единици за плаќање на комунални услуги, а висината на надоместокот за употреба на градежно земјиште ја утврдува советот на единицата на локалната самоуправа. Со законот определена е изградба на комунални објекти и средства од кои таа ќе се финансира, при што е конкретно дадено .кои објекти од кои средства ќе се финансираат.

Општината исто така ги пропишува условите под кој сопственикот на градежниот објект е должен истиот да го приклучи кон комуналната инфраструктура. Новина е и тоа да бесправно изградените објекти не ќе можат да се приклучуваат на инфраструктурите мрежи од единствена причина со истите не учествувале во финансирање на изградбата на комуналната инфраструктура односно со планираната инфраструктура таквиот вид на објекти не се земени во предвид. Новина е и тоа да за прв пат се воведува повисок степен на инспекции или поточно организирање на комуналните инспекции до висина на републички комунален инспектор.

Од сите овие наведени причини денес законот е предложен пред вас како предлог на закон за комунални дејности со што мислиме дека

оваа област и оваа сфера поадекватно и подобро ќе се уреди во наредниот период. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Благоја Стојковски.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, денеска пред нас се наоѓа еден законски проект за комунални дејности, дејности за кои верувам дека не постои ни еден граѓанин во нашава држава кој не покажува посебен интерес бидејќи тие дејности на еден начин зависно од нивниот развиток влијаат директно на животот на секој граѓани во една средина.

Донесувањето на законот за комунални дејности претставува надоврзување на она што се започна со донесување на законот за јавните претпријатија и донесување на овој закон според мене навистина ќе се оствари можноста за вистинско функционирање на локалната самоуправа посебно во делот на комуналната дејност која со законот за локалната самоуправа доби големи надлежности кои треба според своите можности да ги уредува.

Гледајќи го предлогот за донесување на законот за комунални дејности можам да кажам дека истиот овозможува остварување на основната цел, создавање на подобри услови за сите средини за поквалитетно живеење и работа на граѓаните и другите корисници на комуналните услуги, а соодветствува на новите промени и новата улога што сега ќе ја има локалната самоуправа во која непосредно граѓаните ќе влијаат на уредување на комуналните инфраструктури објекти во кои

живеат. Предлогот, според мене го утврдува начинот и условите за вршеше на комуналните дејности, добро ги лоцира кои се комунални дејности го разработува делот за финансирање кој е битен за овие претходни функции да бидат остварени и она што е најбитно овозможува остварување на јавниот интерес во локалната самоуправа. Навистина многу малку можев од она знаење што го имав во оваа област да најдам забелешки на еден ваков законски проект, меѓутоа користејќи ја можноста дека ова е прва фаза, не земајќи си за право дека многу сум навлезен во оваа дејност сепак некои дилеми при гледањето на законот ми останаа неразјаснети и сметам дека изготвувачот ќе оцени дали истите ќе треба да ги земе во предвид при изготвување на конечниот текст на еден ваков законски проект.

Дилемите се од состојбите кои ги имаме сега во оваа комунална дејност, ас пред се што станува со приватизација на јавните комунални претпријатија. Со Законот за јавните претпријатија јасно е кажано, меѓутоа во овој законски проект никаде не најдов дека јавните комунални претпријатија од оваа дејност не можат да се приватизираат или можат да се приватизираат. Таква глава во законот не постои, а мислам дека мора да биде разработена бидејќи доколку не постои таква работа може да дојдеме во состојба што сега ја имаме да досегашните претпријатија од посебен општествен интерес се прогласија во акционерски друштва, акционерските друштва сега со нив управуваат акционери. Според тоа не управува основачот преку кои ќе се остварува и јавниот интерес. Ако тоа не е направено тогаш тие претпријатија не се јавните претпријатија и не се јавни комунални претпријатија. Се наметнува прашање кое ќе мора да се најде одговор што со тие што искористија и направија приватизација

во овие претпријатија. Локалните самоуправи ќе треба ли да прават нови претпријатија.

Втора дилема, за мене лично мислам несфатлива е приватизација во оваа дејност. Остварување на јавниот интерес со акционерство не може да се направи ако основачот нема свои управувачки дел во тој дел.

Втора работа, исто така што станува со претпријатија а тоа е во главно пракса кои покрај основната дејност, комунална дејност имаат и споредна, таканаречена споредна дејност, да не наведувам примери, градиш водовод или претпријатие за водовод, меѓутоа градиш и патишта и улици и тн. Што станува со тие претпријатија, имаат ли тие право сега да се приватизираат и што има право да се приватизира. Треба со законот да се регулира дека споредната дејност ќе се издели и дека таа дејност може да се акционира, тоа во законскиот проект го нема. И, мора да се каже јасно дека во тие, такви претпријатија не може да дојде сега можност користејќи ја основната дејност, комунална дејност и користејќи ја споредната дејност да направиме таква приватизација на штета на општеството. Една таква регулатива во законот според мене мора да биде содржина и да овозможи да не дојдеме во состојба на разни тумачења во однос на таа приватизација. Тоа беше прва моја дилема која еве ја изнесов.

Втората моја дилема е на член б. Сметам дека мора во член 6 кога се набројува, она што реков, се лоцираат извонредно комуналните дејности да постои посебна точка изградба и одржување на улично осветление. Битна работа која многу влијае во животот на една средина

на граѓани од следната причина. Ние на Парламент донесовме закон за комунална такса со која кажавме дека комуналната такса за улично осветлување ќе се собира во општината во буџетот, а после буџетот општината всушност локалната самоуправа ќе врши надокнада за потрошена електрична енергија и ќе врши надокнада за одржување. Тоа е ставено во точка 17, ама заедно со сите други е набројана, мора да биде поделено од проста причина бидејќи законот понатаму разработува извонредно работи и доаѓа до член 22 во кој децидно ги искажува мерите по кои ќе се наплатува комуналната услуга. Па, вели метри квадратни, денари по метри квадратни, кубни метри, џулови, жители и тн. Овде мора да има и дополнување затоа што се регулира една материја со закон киловат сат. Тука во тој член исто така ќе мора една дополна за да законот биде подобар.

И, на крајот јас го почитувам предлагачот, изготвувачот на законот и лично сум многу за тоа да се почитува членот 35 од законот во кој се вели дека бесправно изградените објекти не можат да добијат приклучок на инфраструктурана мрежа и системи од било каков вид. Добро е, ова е убава работа и добра работа да се бориме против злото кое го има во сите градови кај нас, не постои град, не постои село во кое нема дива градба. Добро е сите заедно да одиме, меѓутоа, казните кои се предвидени исто така немам забелешка иако се големи да кажам, 10-20 плати, треба да бидат меѓутоа, мора да кажам една работа, кога се зборува за системи во системи ги ставам пошта, електростопанство, тие се кои функционираат кај нас. Овде пак би сакал да дадам една сугестија до изготвувачот почитувајќи ја оваа одредба дека ние имаме ридско планински развиени краишта во кои не наплатуваме улично осветление,

не бараме такса за приклучок на електрична енергија, па според тоа, невозможно е да бараме градежна дозвола. Прва работа и дај да бидеме среќни во тие краишта луѓето да реновираат куќи, градат нови куќи, а ние ќе им помогнеме на секој начин да не ги стопираме во добивање на овие, да кажам, добра од оваа инфраструктура, сега сигурно и поштите почнаа по селата да ставаат телефони и ако нема градежна дозвола не може да добие телефон итн.

Мои размислувања се дека ќе дојдеме во состојба да бидеме некои казнети за едни вакви работи и на тоа треба да се размисли, да се разработи.. Јас мислам дека мора да се искаже да во урбанизирани делови, а под урбанизирани делови кажавме што подразбираме со законот за урбанизам и планирање, во тие делови не може да се даде приклучок без градежна дозвола. Меѓутоа таму каде државата, органите не успеале да направат урбанизација и во поголем дел на села кои не се урбанизирани ќе дојдеме во состојба да изгради куќа, да не му даваме електрична енергија. Тоа е исто како да му речам влези во дуќан, ама не смееш да купиш од овие бонбони. Ти само можеш да влезеш во дуќан. Мора во законот да се каже да урбанизираните населби, села,градови немаат приклучок, меѓутоа таму каде не сме успеале приклучокот ќе се дава без да бидам казнет со 10,20 плати мислам оној кој работи на овие дејности.

Јас ви благодарам.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Мислам дека претходниот дискутант начна доста работи за кои што предлагачот на законот навистина треба да води сметка, а истовремено јас ќе се обидам да обрнам внимание на некои прашања кои што според мене се битни за да се донесе закон кој што ќе ги предвиди сите ситуации до кои што може да се дојде по усвојувањето на овој закон, односно со кои што и сега се соочуваме.

Имено, најголемо прашање односно внимание би обрнал на тоа дека по формирањето односно со новата територијална поделба и по формирањето на новите општини претпријатијата кои што ќе продолжат да работат за сите општини, ќе се соочиме со еден конкретен и реален проблем да се судруваат интересите помеѓу повеќе општини, а поради немањето на орган кој што ќе ги разгледува извештаите за вршењето на работите од одредени области за одредено подрачје мислам дека ќе дојдат до чести спорови помеѓу општините за кои што некое претпријатие ќе извршува одредена дејност.

Сметам дека предлагачот на законот во поглед на ова треба да обрне поголемо внимание на начинот на кој што ќе се извршуваат овие работи или пак со подзаконски акти да го уреди начинот на кој што спогодбите ќе се потпишуваат помеѓу општините или начинот на кој што ќе ги покриваат сите тие услуги, квалитетно во подрачјата на сите општини. Имајќи ја во предвид определбата да нема регионални органи на ниво на повеќе општини дефакто се спречува можноста еден орган кој што би бил легален за едно подрачје да се изјаснува за вршењето на работите за одредено јавно претпријатие.

Токму во членот 12 сметам дека предлагачот на законот предвидува регионални претпријатија така што сметам дека оваа стварност полека треба да се прифати и законски да се санкционира со постоење на органи на регионално ниво кои што ќе се занимаваат со проблеми од регионален карактер.

Во член 3 предлагачот на законот предвидува Републиката да ги носи програмите односно плановите за изградба на објекти и опрема на комуналната инфраструктура. Упатувам прашање до предлагачот на законот, дали со ова се навлегува во сфера која што е под директна ингеренција на локалната самоуправа односно дали со ова на локалната самоуправа и се ускратува правото тие да се занимава со изградба на

инфраструктурни објекти. Сметам дека треба да се обрне внимание и на толкувањето односно за мене блиско и прифатливо толкувањето кое што беше дадено во однос на член 35 навистина треба да се внимава за-новите објекти што се градат и бесправно се приклучуваат, но во секој случај треба да се избегнат можностите поради еден такво режим да потпаднат објектите кои долги децении се веќе изградени и постојат иако се со статус на бесправно изградени објекти. Се разбира тоа е еден сериозен проблем со кој се соочува и Министерството и Владата и ние како општество, но тоа е една реалност пред која ние не можеме да ги затвориме очите и да кажеме дека тие не постојат, не може да се приклучуваат.

**МЕВЉАН ТАИРИ**: (Продолжение)

Сметам дека на оваа проблематика треба да се обрне поголемо внимание, а се разбира најмногу да се забрза работата околу нивното легализирање, односно да се утврди кои објекти немаат никаква можност да се легализираат и сходно на тоа да се донесе програма за разрешување на проблемите кои евентуално би произлегле од еден таков заклучок на Владата. Сметам дека во овој поглед треба сериозно да се размисли и да се одредат мерки со кои овие состојби ќе се надминат. Се надевам исто така дека со 'донесувањето на овој закон ќе се надмине хаосот и безаконието кое владее во комуналната сфера.

Само една забелешка имам дека овој закон можел многу порано да се донесе. Се надевам дека брзо ќе дојде во наредната фаза и ќе биде усвоен од Парламентот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници, простете за прегешниот мал инцидент, но да ви кажам право нарочно тоа го направив и добро е што колегата Мевљан Таири зборуваше, за тоа подобро е тој што го кажа тоа отколку јас да го кажам.

Во врска со оваа точка давам целосна поддршка на напорот што треба да се донесе еден ваков закон за комуналните дејности и сакам да прокоментирам одредена работа кога стои во членот 35 дека на диво-градбите воопшто не треба да им се дозволи приклучување на струја, вода и др. и би прашал дали кога локалната управа локалниот совет ќе донесе одлука за извесни локации, 10-15-50, дали ќе го подготви теренот дали ќе го спои со канализација, дали ќе направи пат, дали на локацијата

ќе изгради некаде канализација, некаде струја, некаде за телефон, некаде вода и тн. па дури после тоа да се објави конкурс дека се продаваат локациите и така да се формира продажната цена на локациите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИК:.**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, овој закон, како што истакна министерот и претходните дискутанти и нема да го повторувам тоа што беше кажано^е навистина многу важен, бидејќи ја одразува потребата односно го одразува животот, односно го одразува регулирањето на секојдневните потреби на граѓаните. Во него навистина се наброени доста дејности, меѓутоа, бидејќи е прва фаза треба да се размисли кои уште треба да се дополнат, бидејќи овој закон опфаќа поширока сфера

Како што кажа мистерот, овој закон за да заживее потребни се низа посебни закони. Меѓутоа, потребен е напор, да се стави што до тогаш. Овие закони што се за паркови и друго можеби дури наредниот Парламент ќе ги донесе, бидејќи станува збор за една огромна лепеза на закони. Затоа, мора да се вградат такви инструменти што во тој преоден период, што до донесувањето на.-овие посебни закони.

Овде е напоменато и беше во комисиска расправа што со надоместокот за употреба на градежното земјиште. Од министерот беше кажано на седницата на Комисијата дека тој закон сеуште не е донесен и поради тие причини мора да биде овде спомнато. Можеби тоа е во ред, меѓутоа, треба да има преодна одредба дека оваа материја, тоа треба да се стави во втора фаза на Законот, дека уредувањето на градежното земјиште односно надоместок за користење на градежно земјиште ќе биде во овој закон се до донесувањето на друг посебен закон односно

закон за градежно земјиште. Слично е ова како што го зборував, може и со овие други преодни закони со едни преодни одредби да се направи еден мост до донесувањето на оваа широка лепеза.

Јас нема многу да зборувам овде дека сепак се работи за преголеми ингеренции на Министерството ви за ви единиците на локалната самоуправа, и би препорачал посебно од овие работи кои се однесуваат и на локалната самоуправа, секое министерство, секој предлагач добро да ја проучи - повторно морам да ја споменам бидејќи ние сме потписници на таа Европска повелба, а многу малку се вградуваат елементи во законот затоа им сугерирам на предлагачите пред изготвуваше на секој закон да ја проучат таа повелба, бидејќи Република Македонија е потписник на таа спогодба и, иако не е ратифицирана ние ќе ја применуваме и мораме да ја применуваме за да не дојде до колизија односно одземање на ингеренциите на локалната самоуправа или на локалната управа ви за ви министерства и мешање на надлежности. Нема да го повторувам претходниот дискутант дека навистина преголеми ингеренции се дадени во некои одредби Меѓутоа, треба да се направи и разграничување меѓу комуналната инспекција на општината и градот Скопје и комуналната инспекција на Министерството за урбанизам, се со цел да немаме двојност и судирање во нивните надлежности, бидејќи јасно е предвидено во ова и во Законот за локална самоуправа дека локалната самоуправа има комунална инспекција и таа треба да функционира, не треба да биде во колизија. Исто така, е предвидено, ако единица на локалната самоуправа, не изврши одредени работи тоа треба да го направи - нема да набројувам кои се сите тие работи во оваа фаза - министерството. Нема разработено методологија под кои услови, во кои рокови и како и дали не треба претходно да има некоја фаза на усогласување меѓу единиците на локалната самоуправа и Министерството за урбанизам. Да, има господине министре, меѓутоа тоа не е разработено по која технологија и по која методологија ќе оди.

Исто така е ставено дека начинот>и постапката за утврдување на висината на учеството на инвеститорот за уредување на градежно земјиште односно трошоци за расчистување на локација и изградба на примарна и секундарна инфраструктура од колективно, индивидуално итн. значење со пропис ќе го уреди министерот за урбанизам. Прашање е дали може ова со пропис да го уреди министерот за урбанизам или некој друг. Исто така се поставува прашање дали ова не е веќе нова давачка, бидејќи веќе имаме таканаречена градска лента за користење,имаме комуналии и дали ова би била нова давачка, бидејќи веќе има давачка за урбанизација на просторот. Сите знаеме со новите сметки кога покрај данокот за недвижноста се плаќа и 50% од висина на данокот за недвижност за изведба односно за јавното претпријатие кое сеуште не е формирано, кое ќе биде задолжено за урбанизација, кое што е потребно меѓутоа, ако се наметне нова давачка и ние од закон во закон ќе наметнуваме. Барам појаснување дали тоа е тоа, бидејќи не е доволно -јасно и може да се толкува и на овој начин.

Ова што го спомна дискутантот за комуналната такса, комуналната такса веќе е уредена, особено за уличното осветлување. Таму е доуредено како се собира таа комунална такса и како се дели, така што тој дел треба да биде усогласен со тој закон односно онаа измена која ја имаме донесено пред година дена во Законот за комунални такси, каде што е третирано уличното осветлување. Овие ингеренции навистина мора да се разграничат, бидејќи знаеме дека јавните претпријатија навистина се во еден колапс. Дојде до една недефинираност, ниту се општински, ниту се градски, ниту се на министерството, ниту се акционерски друштва. Познат е случајот со недоразбирање во Прилеп, познат е случајот во Скопје, каде што сеуште судски не е решено дали е законско раздвојување на тогашното јавно претпријатие "Комуналец" на четири дела од разни области. Така што сето ова ако не биде уредено ќе настане една шареноликост меѓутоа, шареноликост во смисла на

анархија. Инаку, самата униформираност и самата едноличност ан уредувањето на оваа сфера не може да биде во овој закон, мора да биде предвидено зависно од можностите и потребите на единиците на локалната самоуправа и општините и граѓаните, таа да биде различно уредена.

Исто така нормално е дека бесправно изградени објекти не смее да се приклучуваат на ова од секаков вид. Меѓутоа, треба да се прецизира дали за стари или нови дивоградби. Ние неколку пати дискутираме дека Република Македонија има 100.000 дивоградби, дека треба да ги легализира. Тоа и министерот го прави, меѓутоа, дали и во кој период, ако некоја постојна дивоградба условно речено, бидејќи тие се веќе 30 години изградени или дали сме толку богати тие таканаречени дивоградби да ги елиминираме, мислам на досегашни, постојни, бидејќи знаеме дека во Скопје имаме 40 илјади такви, а 100.000 во Република Македонија според податоците цирка малку, повеќе или повеќе на Министерството за урбанизам. Така што мора да се регулира дека тоа важи само за нови изградени објекти, бидејќи дел од нив веќе се приклучени или не се приклучени.

Станувaше збор за приватизација во оваа сфера. Јас мислам дека во областа на водовод и некои други витални потреби сигурно не треба да има, дека таа е јавна дејност и треба да ја врши јавно комунално претпријатие. Меѓутоа, не гледам причина во некои други дејности дека не може да има приватизација односно дека не може да има концесии како што е предвидено. Меѓутоа, исто така и тоа треба да се разработи и да се види после тоа на кој начин може да се врши, бидејќи тоа не е доволно во соодветниот закон разработено, каде што е уредена концесијата и овде мора да се доразработи. Нема никаква причина и никаква опасност ако се Појави конкуренција од приватниот сектор во одредени дејности. Така што може да се додадат, може по договор да биде и не треба секогаш единицата на локалната самоуправа односно

општината да бара мислење и согласност од министерот. На крајот да кажам дека тие надлежности и мешања мора да се расчистат. затоа што се случува еве Вардариште кое е забрането неколку години и понатаму да им пречи на граѓаните на населба Аеродром кои секојдневно реагираат, посебно во Аеродром, Ново Лисиче и некои други населби од тој дел на општината Кисела Вода, меѓутоа тоа еве Вардариште сеуште функционира. Оставени се пет-шест пратенички прашања но за жал сеуште не е одговорено на нив, така што сите овие работи ни се случуваат токму заради ова.

Од тие причини, сметам дека овој закон мора да се донесе меѓутоа, и да се доразработи за да нема никакви дилеми, да се види под кои услови може Министерството и дали има право да интервенира во општинското односно градското јавно претпријатие. И кога, бидејќи беше споменато дека нема согласност меѓу две страни. Ако е јавното комунално претпријатие сопственост на градот, градот е основач како што е сега случај и градот има друго јавно претпријатие, тука нема две страни, една страна е. Не знам која би била таа, тоа посебно се однесува сега на депонијата Дрисла, случајот кој фактички индиректно го задира ова прашање со овој закон и на некои од овие прашања би го замолил, посебно за овие нови давачки, министерот ако може да даде образложение и одговор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Јорго Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Господине претседателе, пред да ја заклучите расправата по Предлог-законот за комунални дејности, да не останат некои дилеми неразјаснети, би сакал само да напоменам дека голем дека од овие прашања кои беа денес поставени од оваа говорница, се поставија токму

и во собраниските комисии и таму укажавме дека доста од овие забелешки ќе бидат вградени во наредната фаза од донесувањето на Законот за комунални дејности.

Инаку,она што е битно кое денес скоро кај сите дискутанти провејува тоа е членот 35 и новината која се спроведува во однос на овој член, бесправно градените објекти да не бидат вклучувани на комуналната инфраструктура и на другите инфраструктурни системи во државата. Тоа е, точно, член кој се наоѓа во многу закони во европските држави во кој децидно јасно вршат забрана на приклучување на сите видови објекти кои не биле планирани во претходните фази при изработката на урбанистичките планови и димензионирањето на инфраструктурите системи за да бидат приклучувани. Ние тоа го направивме на ист начин, на сличен начин и со тоа сакавме уште еднаш да ја покажеме нашата решеност и определба да се справиме со таа лоша појава во државата или со тоа недоследно почитување на просторот на Република Македонија или бесправната градба.

Инаку, веднаш да кажам дека ретроактивно овој закон не може да важи за ниеден бесправно граден објект, ќе важи за сите новоприклучени објекти. Впрочем, и така е дефиниран членот дека приклучувањето во иднина ќе биде невозможно за бесправно градените објекти. Многу е тешко да се раздвои, она што се кажа во расправата, бесправно градени објекти во урбаните населби и во руралните населби. Тоа ќе биде почитувани и во наредната фаза ќе биде инкорпорирано во законот точно со јасни одредници и ставови за кои населени места ќе важи оваа одредба. Уште еднаш кажувам дека тоа ќе важи исклучиво за урбанизираните населби и оние населби за <кои се определени градежни опфати за градба.

Уште еднаш јасно кажувам дека со овој закон не се спроведува никаква јавна давачка. Напротив само таксативно е наведено кои од

давачките кои досега постојат ќе бидат употребувани во оваа сфера. Инаку не станува збор за никаква нова јавна давачка, посебно за регулирање во оваа сфера.

А во делот на забелешките кои беа поставени и на Комисијата за градежништво, во делот за уредувањето на градежното земјиште, уште еднаш кажувам дека тие одредби јасно ќе останат се до моментот додека законот за градежно земјиште не стапи во сила. Веднаш по стапувањето на тој закон ќе се исклучат овие одредби и тие ќе бидат основни или базични во самиот закон за градба.

Инаку, веднаш да кажам дека голем дел од забелешките се инкорпорирани во законот и во оваа фаза и кога се коментира законот, добро е да се познава добро законот, да се прочита законот и да се знае дека голем дел од забелешките се составени или ги има во останатите закони кои се веќе донесени и се на сила. Не може да расправаме како ќе биде организирано јавно претпријатие или кои форми ќе ги има на претпријатие во делот на работа на јавните претпријатија, затоа што со законот за јавни претпријатија јасно е укажано како тоа се прави. Ќе ги почитуваме тие норми од Законот за јавни претпријатија. Впрочем и во самиот закон се повикуваме на тие одредби. Од тие причини еве за да не останат некои дамки или сенки на овој закон ова е мое објаснување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за комунални дејности.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието,

како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија и укажувањата и забелешките од расправата на седницата на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина.

Пред да поминеме на гласање молам да се утврди кворумот.

(По пребројувањето) Имаме кворум.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

61 пратеник гласаше за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на **точката 11** - Предлог за донесување на закон за лековите, помошните лековити средства и медицинските помагала.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Филипче, министер за здравство.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, прилично нарушената ефемерна состојба во сферата на производството и прометот на лековите ^а бара потребата за подецидно регулирање на оваа материја.

Новиот закон за лекови во сите негови фази на изработка беше изготвен со учество на сите субјекти и релевантни фактори во Република Македонија кои имаат допирни точки или директно учествуваат во фармацевтската дејност.

Активно учество во неговата подготовка зедоа и меѓународни институции: светската здравствена организација, Европската унија, како експерти од Светската банка, која ја финансира и поддржува проектот за трансформација на фармацевтскиот сектор.

Одредени директиви на овие асоцијации се прилагодени според условите и спецификите во РМ, а одредени се прифатени исцело затоа што РМ е член на Европската фармакопеа.

Концепциски, овој закон се разликува од досегашниот според приоритетите што ги третира. Посебен акцент е ставен на инфлементацијата на таканаречените "ЏМП"норми, односно добра производна пракса. во сите делови на фармаци;Јата, а тоа значи во

производството, во прометот, во контролата и во регистрацијата на лековите.

Во овој закон, како новина е имплементирана постапката за скратена регистрација на лековите. Меѓутоа, заради заштита на пациентите, за да еден лек може да биде регистриран во РМ тој лек во матичната земја, во земјата каде што тој е произведен треба да биде во промет на малку една година, со една единствена цел РМ да не биде земја за клиничко тестирање на лековите на големите фармацевтски концерни.

Во контекст на,тоа се воведува и механизам на контрола на секоја увезена серија.

Почитувани пратеници, бидејќи лековите се специфични производи тие не треба да имаат третман како останатите трговски стоки. Од тие причини се воведува регулатива во делот на цените со кои секој еден лек од ист производител треба да има иста цена во малопродажбата. Тоа е онаа, таканаречена "роте-листа" во Германија, Видал-ова, односно да одите во било која земја на Запад лекот го плаќате со иста цена независно во која аптека.

Исто така е новина формирање на национална агенција за лекови, нешто слично што во САД е ФДЈ, односно таму агенцијата за лекови и за храна. Сега ние ја препорачуваме како агенција за храна, а можеби, да се надеваме дека во иднина ќе се вклучи и храната. Тоа значи дека целокупната извршна работа на Министерството аз здравство, на неговото фармацевтско одделение се подигнува на повисоко ниво под непосредна ингеренција на Владата на РМ, како управна организација. Со една единствена цел во РМ да се употребуваат лекови и помошни лековити средства сигурни, клинички добро тестирани, ефикасни, од сигурни производители, производители што имаат познати лиценци.

Покрај постојните комисии во состав на Националната агенција ќе биде: националната лабораторија за контрола на лековите, националниот центар за информации на лековите, национален центар за споредни несакани дејства на лековите и инспекторат.

Можеби, овој закон некому изгледа преобемен. Односно, на некои содржини можеби местото му е во правилник. Но, повеќемесечните консултации со домашни и странски меѓународни експерти го донесоа овој концепт. Бидејќи, на пример, казнените одредби што се предложени во законот се чини дека ќе бидат поиздржани ако произлегуваат од самиот закон а не од Правилник, со што сметаме дека на побрз и поефикасен начин ќе се исправат нарушените и воспостават нови критериуми како во производството, така и прометот на лековите на големо и на мало. Тоа е на пример случај со враќањето на рецептот, како основен документ при препишување и издавање на лекови, регистрација и воспоставување на стручно издржана и финансиски издржана листа на лекови за примарната здравствена заштита, на листа на лекови што ќе може да се користи само во болнички услови итн.

Очекувам дека овој предлог на закон во својата понатамошна постапка ќе наиде на интерес, сугестии и објективни предлози, со што истиот би го збогатиле и квалитетно подобриле. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги. Го поддржувам донесувањето на овој закон заради регулирање на една чувствителна материја во сферата на производството и прометот на лекарствата, како и надзорот над истите.

XII/4.-

Познато е дека после осамостојувањето на РМ ние бевме автентични производители на лекови и практични помошни лекарски помагала и медицински помагала во 30%. Целокупниот останат асортиман на лекови воглавном на територијата на Бившата ЈУ се регистрираше во другите држави на територијата на Југословенскиот простор.

После осамостојувањето 71% од лекарствата станаа лекарства од увоз. Овие лекарства од увоз требаа да поминат низ подолгорочни постапки за регистрација што го отежнуваше процесот на снабдувањето на населението со лекови, а исто така имаше и за последица поскапување на лековите поради познатите царински стапки во постојниот закон за царина. Така што после осамостојувањето, подолг период граѓаните на РМ се снабдуваат со лекови што беа енормно скапи.

Мислам дека со донесување на овој закон и со номинирање на управна организација што ќе ЈА има контролната функција во оваа сфера ќе се створи целосна стабилност на лекарствата и подобро снабдување на населението со истите.

Би сакал да одбележам дека после осамостојувањето со процесите на приватизација во РМ постојните веледоргерии, а се родија и нови веледрогерии што учествуваа во прометот на лекарствата и имавме, како резултат на тоа, една висока ценовна нестабилност на лекарствата и една нелојална конкуренција во таа сфера. Ова, особено што после донесувањето на Законот за здравство се обликуваа приватни здравствени организации - апотеки и врз постојната законска регулатива не можеше да се спроведува комплетна контролна функција во - прометот и начинот на издавањето на лекарствата. Поготово што во приватните апотеки имаше, а сеуште има несоодветна стручна квалификациона структура што уште учествува во издавање на лекови. Познати се и одредени несакани појави и последици како резултат на законски нерегулирана сфера во издавањето на лекарствата.

XII/5.-

Поради тоа Институтот рецепт кој што е компатибилен на сите законодавства на Европската унија во РМ почна да Ја губи својата вредност од аспект во трката за профит, приватните апотеки, а со тоа покрај нив и јавните апотеки често издава лекови без рецепт. Мислам дека со номинирањето на агенцијата, националната агенција за контрола на лекови ќе се створи управна организација и институција што ќе воспостави контрола во сите фази во оваа сфера.

Само за пример да ви кажам за потребата, односно многу големата потреба од обликување на една ваква управна организација. Се разбира, во состав на органот надлежен за работа на здравството, Министерството аз здравство. Во поедини земји од Западна Европа, кога се појавуваа вакви аномалии во областа на производството, прометот и издавањето на лекарства се формираат национални агенции. пример: сека- ко во Германија. Секако дека производните организации се мотивирани заради профит да остваруваат големо производство на лекарства. Исто така се мотивирани и за промет на истите лекарства и за нивна потрошувачка и како резултат на тоа се јавува 30-40% асортиман на лекови со несоодветен квалитет. Оттука, обликувањето на агенцијата, националната агенција за контрола на сите фази, производство, промет и издавање на лекови и воведување на институтот на рецепт треба да направи и оваа сфера во македонското здравство да биде комплементарна на здравството во Европската унија.

Потребата од донесување на овој закон е уште понагласена со тоа што тој претставува еден од условите за добивање на кредит од Светската банка за обнова и развој, заради што и ние го прифативме Законот за задолжување на РМ за реализација на проектот за транзиција во здравството. При ова сакам да кажам дека поедини ингеренции дадени во Агенцијата, националната агенција за контрола на лекарствата се доста конфузно и преобемно набележани, па мислам дека законодавецот треба да обрне поголемо внимание на тоа за да не

се зави судир на надлежности меѓу органот надлежен за работа при Министерството за здравство и Агенцијата, националната агенција за лекови.

Исто така би сакал да укажам дека овој закон треба да се дополни, односно во него да се стават одредени ставови каде што подецидно ќе се набројат условите за формирање на производна организација, условите за формираше на прометна организација на големо, условите за формирање на прометна организација на мало или апотеки, заради тоа што подзаконските акти што би биле донесени врз основа на овој закон треба да имаат корен во законот и да не паѓаат на Уставен суд заради објективност.

Ако сето тоа добро се обави, мислам дека овој закон ќе придонесе во стабилизирањето во сферата на производството, прометот на големо и мало во здравствениот сектор, особено во секторот на фармацијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за лековите, помошните лековити средства и медицински помагала.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела, предлозите и мислењата од расправата на седницата на Собранието да се достави до Владата на РМ и до Министерството. за здравство.

XII/7.-

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (57 пратеници)

Немаме кворум за одлучување.

Молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме утре во 14 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,30 часот)